Со стапување на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Штип број 0701-1474/1 од 27 април 2007 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/2007) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за начинот на обележување, опремување и користење на такси станиците во Општина Штип број 0701-3880/1 од 26 декември 2007 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/2007 ).

Член 12

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4384/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

448.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА
ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
(РЕВИДИРАНА) 2022-2025 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Штип (ревидирана) 2022-2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4385/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

449.

Врз основа на член 15 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА
ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
(РЕВИДИРАНА) 2022-2025 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Стратегија за локален економски развој на Општина Штип (ревидирана) 2022-2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Стратегијата за Локален економски развој на Општина Штип (ревидирана) 2022-2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4385/1
7 јули 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

# Стратегија за локален економски развој на општина Штип

# (ревидирана)

# 2022 - 2025

Август 2022

**Содржина**


Вовед ....................................................................................................................645
Методологија и процес на подготовка ..................................................................646
*Принципи и фази во стратешкото планирање.......................................................646*
*Методологија .......................................................................................................647*
Профил на општината .............................................................................................650
*Лична карта на општина Штип...............................................................................650*
*Локација ...............................................................................................................650*
*Историја и археолошки локалитети.......................................................................652*
*Природни ресурси ..................................................................* ***Error! Bookmark not defined.***
*Сообраќајна инфраструктура ................................................................................655*
*Население ............................................................................................................657*
*Здруженија на граѓани..........................................................................................661*
*Снабдување со вода, енергија и телекомуникации ...............................................662*
*Даночна политика ................................................................................................662*
SWOT Анализа ........................................................................................................663
Регионална и локална економија...........................................................................666
*Глобални состојби..................................................................* ***Error! Bookmark not defined.***
*Регионални карактеристики.......................................................* ***Error! Bookmark not defined.***
Економија и инвестиции..........................................................................................668
Инфраструктура и енергетика................................................................................674
Пазар на труд..........................................................................................................674
Образование...........................................................................................................678
Социјална заштита .................................................................**Error! Bookmark not defined.**
Туризам и култура ..................................................................................................680
Земјоделие и рурален развој..................................................................................683
Стратешки план за локален економски развој.......................................................688
*Стратешка цел 1: Поттикнување на развојот на бизнис секторот и креирање на нови работни места ...................................................................................................690*
*Стратешка цел 2: Општина Штип – атрактивна туристичка дестинација .........692*
*Стратешка цел 3: Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини ...................................................................................................694*
*Стратешка цел 4: Создавање услови за квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги ..............................................................................694*
*Стратешка цел 5: Подобрување на инфраструктурата и зачувување на животната средина ....................................................................................................697*


**Вовед**

Општина Штип е центар на Источниот плански регион и е најголема урбана општина по број на жители и административен, културен, и економски центар во регионот. Општина Штип како најразвиена општина, претставува носител на економскиот развој на регионот.

Со цел општината да обезбеди долгорочен одржлив развој, таа применува стратешко планирање со кое го трасира патот кон остварување на својата визија, да биде

економски, образовен и културен центар на државата и општина на одговорни, активни и ангажирани граѓани.
Процесот на стратешко планирање помага да се предвиди развојот и се фокусира на целите кои треба да се остварат, одредува приоритети, програми, мерки и активности.
Стратешкото планирање се прави со цел да се обезбеди континуиран развој преку рационално управување со ресурсите со кои располага општината. Притоа, се поаѓа од расположливите природни, човечки и материјални ресурси, анализа на потребите, можностите за развој и изнаоѓање на најповолни решенија со максимално искористување на постојните и креирање на идни ресурси.
За да може да се обезбеди континуитет во развојот, неопходно е да се креираат и применуваат механизми на следење и контрола на имплементацијата на стратешкиот план и да се анализираат проблемите и пречките кои влијаат врз реализацијата на мерките и активностите. Евалуацијата на причините за настанување на утврдените проблеми и пречки во реализација на стратешкиот план доведува до изнаоѓање на решенија со кои истите ќе бидат надминати.
Токму заради ова општина Штип изврши ревизија на постојната Стратегија за локален економски развој на општина Штип за 2019 – 2024 година. Се изработи нова, ревидирана стратегија за локален економски развој за 2022 - 2025 година, со акциски план кој содржи и проектни решенија и ќе придонесе кон економскиот развој на општината во наредниот период.
Стратегијата е подготвена заедно со претставници на сите засегнати страни, претставници на општинската администрација, институциите, науката, граѓанските организации и бизнис секторот.
Целта на стратешкото планирање е активно учество на сите засегнати страни во делот на планирањето и насочувањето на напорите на општината во насока на решавање на приоритетните проблеми во рамки на општина Штип, одредување на стратешки цели за развој на индустријата, туризмот и услужниот сектор, со цел обезбедување на стабилност и благосостојба на граѓаните во општината.
Вклучувањето на сите засегнати страни обезбедува сопственост на процесот, но и одговорност во реализацијата на зацртаните цели. Притоа, носител на сите активности во процесот на планирање, имплементација, следење и евалуација на постигнатите резултати е општинската администрација, која има улога и на координатор на сите инволвирани страни во процесот.
Заради тоа, од особена важност е јасно определување на активностите на вработените во општината, а посебно во единицата за локален економски развој како и соодветно планирање на буџетските средства согласно приоритетните цели поставени со стратегијата.

**Методологија и процес на подготовка**
**Принципи и фази во стратешкото планирање**

При процесот на изработката на стратегијата општината посебно се залагаше за приемна на следните принципи:

1. Транспарентност на процесот на планирање,
2. Партиципативниот и инклузивност, со што се обезбеди вистинско дефинирање на потребите на локалниот економски сектор и граѓаните,
3. Одржливост на економскиот развој
4. Активно учество на општинската администрација

5. Координираност со можностите на буџетот и капацитетот на секторите на општината,
6. Флексибилност поради непредвидливите настани кои можат да се случат во блиска иднина

Фазите по кои се одвиваше процесот на стратешко планирање:

1. Организација на процесот за изработка на стратегијата. Подготовка за процесот на планирање, разгледување на претходна стратегија, вршење на прелиминарни истражувања за потребите на маргинализираните групи
2. Дефинирање на проблемите и потребите на локалната економија. Проценка на приоритетните потреби на бизнис секторот во општината преку комуникација со коморите, претставниците на бизнис секторот, академијата, невладиниот сектор и други заинтересирани страни.
3. Дефинирање на целите и програмата за развој на локалната економија
4. Изработка на акционен план за спроведување на програмата

**Методологија**

Економскиот развој на една општина е клучниот фактор за благосостојбата и добриот животен стандард на граѓаните во општината. Општината има голем интерес од развојот на економијата на нејзината територија и обезбедување високи приходи на компаниите, висок степен на квалитетно вработување, мал број на социјални случаеви, инклузија на маргинализираните групи. Исто така, од особена важност е општинската администрација да биде стручна, високо професионална, и способна да управува со сите процеси и да обезбеди квалитетни услуги на граѓаните и бизнисот

Доколку се исполнети претходните предуслови, општината може да собере даноци со кои може значително да влијае на квалитетот на инфраструктурата и тоа како за бизнис потреби така и за граѓанскиот сектор и да обезбеди висок стандард на живеење во општината.

Од наведените причини изработката на стратегијата е процес кој е прилагоден според големината, местоположбата, економската структура, демографијата и другите на фактори во рамки на општината.

Оваа стратегија за локален економски развој е изработена со активно учество на општинската администрација, државните институции, академијата, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор.

При дефинирањето на целите земени се во предвид:

- Евалуација на претходната стратегија
- Целите за економски развој на национално ниво
- Целите за економски развој на регионално ниво
- Целите за економски развој на општинско ниво

При процесот на изработката на стратегијата беа организирани повеќе средби и организирани работилници со засегнатите страни, користени се квантитативни и квалитативни податоци добиени од примарно истражување и секундарни податоци добиени од статистичките податоци на ДЗС, локалните претставништва на државни институции, центарот за вработување, центарот за социјални работи, училиштата, центри за образование на возрасни, податоци од општината и други извори.

Основни насоки за изработката на стратегијата се: зголемен економски развој, подобрен квалитет на животот на луѓето во општината, намалување на загадувањето, создавање на чиста енергија, квалитетни урбанистички решенија, креирање на квалитетни човечки ресурси како основа за развој на конкурентна економија во општината, поттикнување на зелена економија, социјални претпријатија и општествена одговорност на претпријатијата.

Како важен фактор за економскиот развој посочено е значењето и влијанието на урбанистичкото планирање, кое се провлекува низ сите елементи од стратегијата. Просторот е дефиниран со просторните планови и нивото на урбанизацијата заедно со брзината и ефикасноста на општинските служби да ги поддржат инвестициите се клучен фактор кој влијае врз атрактивноста на општината за привлекување на инвеститори.

Анализата на демографијата и капацитетот на работната сила/човечкиот капитал се важен елемент од оваа стратегија, бидејќи тие се воедно и поттикнувачки и ограничувачки фактори за развојот на економијата во општината.

Инфраструктурата, посебно онаа која влијае врз развојот на бизнисот, посебно е анализирана како фактор важен за развој и привлекување на инвеститорите.

Притоа, се зема предвид и барањето на општината за запазување на сите елементи и цели од претходната стратегија.

**Деловно опкружување**

Периодот во кој се изработува оваа стратегија се карактеризира со исклучително големи премрежија кои негативно влијаат на економијата, општествениот живот и стандардот на живеење на луѓето. Околностите се исклучително непредвидливи како по својата природа, така и по нивното времетраење.

SARS-CoV-2 (Covid-19) пандемијата остави големи последици на економијата, на глобално, национално и локално ниво. Таквата состојба проследена со инвазијата и војната во Украина, имаат забележително влијание врз севкупната економија во моментот. Дел од последиците коишто се должат на овие последователни кризи се кризата во синџирите на снабдувањето на индустријата со репроматеријали, проблеми во дистрибуцијата, отежнато комуницирање, а голем број на фирми не успеа да ја преживеат SARS-CoV-2 (Covid-19) пандемијата. Во овој период се покажа поврзаноста и меѓусебната зависност на економиите се едни со други на глобално ниво. Проблемите во синџирите за снабдување на индустријата како и севкупниот недостаток на потребни материјали, стоки, енергенси и останати суровини дополнително укажаа на големата економска (и политичка) поврзаност помеѓу економиите во светот и на исклучителната важност со којашто се карактеризира таквата меѓусебна соработка.

Постои голема неизвесност за тоа каква ќе биде иднината и на нашата држава (на економско поле). Дали сме во фаза на рецесија или дали истата би можеле да ја избегнеме, кои мерки и чекори би биле оптимални да се преземат во дадениот момент.

Како одговор на кризата земјите масовно воведуваат мерки за заштитата на економијата, стабилноста во набавките и дистрибуцијата, помош за надминување на проблеми со ликвидноста и мерки за заштита на стандардот на луѓето.

За намалување на инфлацијата централните банки ги зголемуваат основните стапки со цел на повлекување на вишокот на парите од слободните текови и зголемување на

каматите кај банките. Преголемото затегнување на монетарната политика и зголемување на каматните стапки може само по себе да придонесе за создавање на рецесија во државата, па централните банки многу внимаваат при затегнувањето на монетарната политика.
Кај земјите од Западен Балкан, економските состојби се слични и надворешните ефекти од кризата се пренесуваат на фирмите во регионот. Политичките фактори, како економската и политичка изолација на Русија предизвикаа големи промени и во економиите во регионот кои се значително поврзани со земјите од Европа, но и со Украина и Русија. Многу предвидени извозни договори се откажани и фирмите се принудени да бараат нови пазари. Во услови на глобална криза наоѓањето на нови пазари не е лесна ниту брза активност и губењето на пазарите може да предизвика пропаѓање на голем број на фирми.
Задолжувањето на државите оди над прифатливите стапки на задолженост и создава дополнително оптоварување за државите. Кредитите најмногу се користат за функционирање на државата и ублажување на социјалните проблеми во државите, што на долг рок ќе има негативни ефекти на економијата, заради недостаток на инвестиции.
Секоја криза претставува и можности за оние кои можат да ги препознаат и кои можат брзо и ефикасно да се прилагодат кон новите услови, така да некои сектори бележат раст, особено фирмите од секторот фармација, трговија со храна, енергетските компании, ИКТ индустрија, прехранбена индустрија и сл. Дигитализацијата во целата држава, па и на ниво на општина стана задолжителна доколку се сака да се фати возот со развојот на останатите земји. Вложувањето во млади луѓе, нивното образование и градење на силен ИКТ сектор е основен предуслов за опстанок и развој на државата.
Општина Штип е исто така зафатена со кризата чиишто последици може да се забележат во намалувањето на бројот на фирмите, кратење на работни места, изостануваат значајни инвестиции во општината и намалување на стандардот на луѓето кои се среќаваат со инфлација и секојдневно зголемување на цените. Малите земји со ограничени индустриски капацитети немаат многу избор и инвестирањето во дигитализација е клучна за идниот период.
Недостаток на квалификувана работна сила се чувствува веќе подолг период и тоа е уште еден фактор кој ја забавува економијата во регионот и оневозможува поголеми инвестиции. Земјоделието е иситнето (мали површини и производители) и како такво не може да биде конкурентно со големите производувачи чии производи се увезуваат по поевтини цени. Примената на застарени технологии во земјоделието, високите цени на енергенсите, ѓубривото, семенскиот материјал и немање работна сила, се фактори кои сериозно го загрозуваат земјоделското производство. Општина Штип е воглавно урбана општина и нема поголемо внимание на развој земјоделието.
Секако, можноста за градење на услови за развој е на носителите на одлуките и на нивните капацитети да ги согледаат пречките и можностите и да најдат начини за наоѓање на оптимални стратегии за развој на економијата и тоа како на централно така и на локално ниво. Избраните приоритети за интервенција, поставените цели и соодветно избраните активности за водење на политиките ќе имаат многу блиска врска со планирањето на буџетот на државата или општината, бидејќи сите дефинирани определби мора да се преточат во јасни финансиски инструменти и оптимален начин на користењето на буџетите.

Следењето на трошењето на буџетските средства е клучно заради оценка дали средствата кои се потрошени резултирале во некој мерливи резултати, кои се дефинирани со политиките и стратегиите. Дополнително на тоа, независното следење на тоа како се трошат буџетските средства е особено значително за процесите на зголемување на севкупната транспарентност на Општинската администрација кон граѓаните на општина. Штип. За следење на резултатите се потребни да се дефинира и имплементира соодветна методологија за следење и ревизија на потрошените буџетски средства, во рамки на којашто дигитализацијата на процесите е клучна.

**Профил на општината**

**Лична карта на општина Штип**

| | |
|---|---|
| Локација | Општина Штип се наоѓа во централниот дел на Република Македонија и е центар на Источниот плански регион. |
| Население | 44.866 |
| Број на живеалишта | 22.590 |
| Територија | 810 km2 |
| Густина на населеност | 55,4 жители на Км$^2$ |
| Број на населени места | Вкупно 34 населени места– Градот Штип и 33 села |
| Надморска височина | Просечна надморска височина е 330 м |
| Образование | Основни училишта – 5 и 8 подрачни училишта<br>Средни училишта 6<br>Универзитет 1 |
| Радио и ТВ (локални) | Радио станици 2<br>ТВ станици 2 |
| Клинички центар | 1 |

| | |
|---|---|
| Вработени | 148 во 5 сектори и 20 одделенија |
| Буџет за 2023 | Вкупни приходи 1.098.491.000 денари<br>Вкупни расходи 1.173.322.000 денари<br>Дефицит -74.831.000 денари |
| Адреса | Васил Главинов 4Б 2000, Штип |
| Телефон | +389 32 22 66 00 |
| E-mail | info@stip.gov.mk |
| WWW | https://stip.gov.mk/ |
| Facebook | https://www.facebook.com/OpstinaStip.MunicipalityOfStip |

**Локација**

Општина Штип се наоѓа во централниот дел на Источна Македонија, во средното сливно подрачје на реката Брегалница и по должината на двата брега на суводолицата Отиња. Општината се протега на 810 km2, на подрачје со претежно планински и ридски релјеф и три котлини: Кочанска, Овчеполска и Лакавичка, на средна надморска висина од 330 м. Според пописот од 2021 година во општина Штип живеат вкупно 44,866 жители.

Во општината се одликува со умерено-континентална клима и преставува исклучително ветровито подрачје, со околу 270 денови воздушно струење.







Штип е центар на Источниот плански регион и се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.

Во општината, покрај градот Штип има 41 населени места (села) и тоа: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судиќ, Сушево, Танатарци, Тестемелци,Топлиќ, Три Чешми, Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија, Шопур.




## Историја и археолошки локалитети

Штип со најблиската околина, своето богато културно историско минато го започнува уште во најраните времиња на човековата историја. Регистрираните населби од неолитот, енеолитот, бронзената епоха и железното доба, преку римскиот, како и доцноантичкиот и средновековниот период, па се’ до денес, зборуваат за континуитет на живеење на потесниот и поширокиот простор на Брегалничкиот регион. Името Астибо за прв пат го споменува античкиот хроничар Полиен во 3 век пр.н.е., кој известува дека во реката Астибо (денешна Брегалница) е изведувано ритуално капење на Пеонските кралеви, како чин на нивното крунисување. Поголемиот дел од научните работници го лоцираат Астибо на просторот од денешниот стар дел на градот Штип. Денес од античката архитектура на градот, делумно се сочувани остатоците на градскиот аквадукт во месноста Ќемер, преку кој градот се снабдувал со чиста вода.

Континуитетот на живеење на овој простор не е прекинат. Населбата егзистира и во доцниот антички и во раниот византиски период, веројатно под името Стипеон. Во средниот век населбата го добива името Штип. Средновековниот град Штип никнува врз урнатините на Античкиот град Астибо и рановизантискиот Стипеон. Средновековниот град–тврдина е лоциран во западниот дел на денешниот град Штип на доминантното возвишение Исар, меѓу реките Брегалница и Отиња.

Во околината на Штип се најдени населби од времето на праисторијата, на наоѓалиштата: "Баби", "Фортуна", "Криви Дол" и "Караорман, како и некрополи, базилики, цркви и остатоци од средновековни градови. Позначајни археолошки наоѓалишта се тврдината Исар и локалитетот Баргала.



Средновековната **тврдина Исар** се наоѓа во западниот дел од градот и се издига на врвот од карпестиот рид Исар висок 150 метри. Тврдината од западната страна опкружена е со стрмна падина на коритото на реката Брегалница, а на јужната страна со коритото на реката Отиња. Во XIV век околу Исарот биле изградени четири цркви, кои го формираат замислениот крст и тоа црквите: „Св. Архангел

Михаил (Фитијата)“ од источната страна, од западната страна „Св.Јован Крстител“, од северната страна „Св.Никола (Поп Сифиевата)“ и од јужната страна црквата „Св.Власие“.

Денес **тврдината Исар** претставува вистинска туристичка атракција и место на кое секоја година се одржува познатата штипска манифестација „Четрсе“, која е дел од нематеријалното културно наследство на **УНЕСКО**.

**Античкиот град Баргала** се наоѓа на 12 км североисточно од Штип, во близината на Горни Козјак, крај Козјачка Река во подножјето на планината Плачковица. Името Баргала е од тракиско потекло, а неговото етимолошко потекло се врзува за реката Брегалница.Досега е истражена само една десетина од целиот локалитет, бидејќи тој зафаќа површина од околу пет хектари. Од објектите откриени се главна порта – Porta Principalis, Епископска Базилика, Епископска резиденција, Баптистериум – крстилница, цистерна за вода, комуникација – мала улица, мала терма, голема терма, винарија, печка за стакло и други објекти.





**Природни ресурси**

**Реки**

Во Штип течат две реки. Поголемата е Брегалница (должина 43 километри) што на пат до вливот во реката Вардар поминува низ Штип. Помалата, пак, го дели градот на два дела, а се вика Отиња (3 километри должина).

**Термални води (Кежовица)**

На десниот брег на реката Брегалница, на околу 2 км југозападно од центарот на Штип, на излезот од Ново Село, се наоѓаат појавите на термоминералните води Кежовица и Л'џи. Истите извираат од горно-јурските штипски гранити, пропратени со интензивна силификација. Во локалитетот Л'џи, во самото речно корито на реката Брегалница, од гранитите извираат хидротермални води со мала издашност (околу 1,3 лит/сек и температура од околу 28 - 30о С). Кога водостојот на реката е поголем, се зголемува и издашноста на главните извори до 1,5 лит/сек и температура од 60 - 65$^{o}$ С. Термалните води од "Кежовица" се во хидраулична врска со топлите извори од Л'џи, така што при испумпување на бунарите во бањата, доаѓа до намалување на издашноста во изворите на Л'џи. Оваа термоминерална вода по хемиски состав е хлоридно - натриска и радиоактивна.

На ова место постои уредена бања со базени, како и центар за рехабилитација. Бањата Кежовица, според својата радиоактивност, спаѓа во ред на најрадиоактивните термоминерални води, не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот.

Инаку, подземјето на околината на Штип обилува со големи термоминерални води, а водата покрај за лековити цели како и за рекреативни, може да се користи и за топлификација и за енергетски цели, како и перспективно за електрификација.

**Планини**

Во близина на Штип се наоѓа планината Плачковица. Тоа е идеално место за развој на планински туризам. Плачковица го има највисокиот врв Лисец (1754 метри надморска височина), кој е предизвик за многу планинари. Планината Плачковица се наоѓа на четириесеттина километри од градот Штип, каде се наоѓаат и кањоните Камник, Козјак и Зрновка.

За многумина кањонот Камник со својата убавина претставува Колорадо во мало. До сите кањони е обезбедена потребна инфраструктура за непречено движење (маркации, билборди, патокази, сајли, ферети и место за одмор).

Од многуте убавини кои ги нуди планината Плачковица се и пештерите кои ги има повеќе, од кои пет се испитани и достапни за посетители. Најголема од нив е Големата пештера, со испитана должина од 600 метри. Таа претставува вистински бисер со своите пештерски украси и предизвик за спелеолозите. Пештерите: Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор се помали, но богати со пештерски украси и се лесно достапни за посетителите и до нив водат маркирани патеки.

**Потенцијал за соларна и енергија од ветар**

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со зголемено траење на сончевото зрачење. Во просек годишно има 2.370 часови со сончево зрачење или просечно 6,5 часови дневно. Максимумот е во јули, а минимумот во декември. Во регионот на Штип постои добар потенцијал за искористување на сончевата енергија, како одржлив обновлив извор на електрична и топлинска енергија со просечна инсолација од 2350 h/год, Покрај ова, на ова подрачје има зачестеното струење на воздушните маси, што ја прави општина Штип подобна локација за идна изградба на електроенергетски постројки (ветерници) за искористување на енергијата на ветрот. За ова потребно е да се направат дополнителни научни испитувања за компатибилноста на локацијата со типот на технологии.

Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s.
Се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Поради зголемен интерес кај потенцијални надворешни инвеститори во последните неколку години на внимателно одбрани локации се вршат прецизни мерења на повеќе параметри на сонцето и ветерот и оценки на предвидените локации за потенцијално искористување на подобноста на ова географско подрачје.

**Минерални суровини**
Од досегашните истражувања на територијата на поширокото подрачје на Општина Штип се утврдени бројни наоѓалишта, појави и потенцијални простори за понатамошни истражувања и проучувања на метални, неметални и енергетски суровини, кои во основа ја чинат минерално-суровинската потенцијалност на овој регион. Покрај ова, се јавува и магнетитот (железна руда) во вид на две изразени плочести тела.
Во општината има и наоѓалиште на кварц - ”Лакавица”, каде се врши експлоатација на кварц и истиот се користи за потребите за производство на Si - метал, стакло.Несомнени се големите геолошки резерви на квалитетен (99 % $SiO_2$) кварц во просторите на локалитетот - “Лакавица”.
Исто така, во општината има и наоѓалиште на архитектонско - градежен и градежно - технички камен базалт - “Ежово брдо”. Овој локалитет е доста интересен од аспект на производство на украсен камен, претставен преку производен програм - коцки, плочи и друг обработен базалтен материјал.

**Сообраќајна инфраструктура**

| | |
|---|---|
| Патна инфраструктура | <u>Автопат</u><br>А4 Штип-Миладиновци-Скопје<br><u>Магистрални патишта</u><br>А4 Штип-Радовиш-Струмица-Граничен премин со Република Бугарија<br>А3 Велес-Штип-Кочани-Делчево-граничен премин Република Бугарија<br><u>Регионални патишта</u><br>Р1205 Пробиштип – Кратово<br>Р1204 Кадрифаково-Штип-Софилари (врска А4),<br>Р2 334 Штип-Карбинци-Аргулица |
| Железнички линии | Железничка линија Скопје – Штип - Кочани |
| Пристаништа | Солун, Грција е околу 181 км |
| Аеродром | Скопје 63 км |

Штип, како центар на Источниот плански регион е добро поврзан со патна мрежа со сите околни градови и со другите градови и населени места во државата.
Низ општина Штип поминуваат патните правци:

Автопат

-А4 Штип-Свети Николе-Миладиновци-Скопјее прв автопат во источниот дел на државата, кој е пуштен во употреба во 2019 година. Автопатот се поврзува со коридорот 10 и со Република Бугарија. Со овој автопат патувањето од Скопје до Штип и другите градови во источна Македонија се скратува и се олеснува транспортот на стоки во овој дел од државата.

Автопатот ја поврзува општината со граничните премини
Табановце – делница Миладиновци – Куманово – граница со Република Србија и – граница со Република Грција.
Богородица – делница Миладиновци – Велес – Неготино – Гевгелија

Магистрални патишта

-А4-делница Штип-Радовиш-Струмица-граница со Република Бугарија, граничен премин Ново Село кај Ново Село,

-А3-делница Велес-Штип-Кочани-Делчево се поврзува со Република Бугарија, граничен премин Делчево кај Делчево,

Регионални патишта

- Р1205 кој поминува низ Пробиштип и Кратово, претставува главна врска со Коридорот 8 – делница Куманово – Крива Паланка, односно со граничните премини Табановце кај Куманово Со Република Србија и Деве Баир кај Крива Паланка со Република Бугарија
- Р1204 - делница Кадрифаково-Штип-Софилари (врска А4),
- Р2 334 – делница Штип-Карбинци-Аргулица

  Патната мрежа во Општина Штип има вкупна должина од 377,4 км, од кои 47,0 км (12,45%) се магистрални патишта, 22,4 км (5,94%) се регионални патишта и преостанатите 308,0 км (81,61%) се локални патишта. Од целокупната патна мрежа на општина Штип, 230,4 км (61,05%) патишта ја сочинуваат уличната мрежа во урбанизираните населени места. Останатите 147,0 км (38,95%) отпаѓаат на патиштата што ги поврзуваат населените места во рамките на општината.

Меѓуградскиот сообраќај е регулиран со автобуски превоз до сите поголеми места во државата, како и надвор од неа, со главните центри во околните држави, Софија, Белград, Солун.

Градскиот и приградскиот сообраќај е регулиран со автобуси и такси возила. Со Одлука за авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип се утврдени 90 локации на авто – такси стојалишта и капацитет од 150 возила. Исто така утврдена е и авто такси тарифа која важи за целата територија на Општина Штип.
Железничкиот сообраќај е можен на рација кон Скопје и Кочани, но заради општата состојба со железничкиот сообраќај во земјата, истиот се користи многу малку, со неколку патнички возови дневно. Железницата не се користи за транспорт на стоки. Состојбата со пругата и вагоните е во незавидна состојба. Тие застарени, пред крај на работниот век, не се одржуваат редовно и заради тоа постојано се случуваат дефекти.

Заради постојано каснење, дефекти и неодржување, како и заради тоа што се спори и патувањето трае многу подолго од патување со автобус, многу е намален бројот на возови кои сеуште се во употреба.
Освен тоа, пругата не е електризирана и сеуште се вози со дизел машини. Во изминатите две години, во време на Корона кризата, овој сообраќај се одвива со еден воз дневно, кој тргнува од Штип сабајле, и еден кој тргнува од Скопје попладне.

**Население**
Општина Штип според последниот попис на населението од 2021 година има вкупно 44.866 жители, од кои 2.348, или 5,23% е нерезидентно население.
Од вкупниот број население, од кои половина (22.260) се мажи, а половина (22.606) жени, најголем број, односно77,5% се македонци, потоа 5,1% се Роми, 3,5% се власи и 3,0% се турци. Останатите етнички заедници, како срби, бошњаци, албанци и други се застапени со околу1,1% од населението во општината.

| Вкупен број на жители во Општина Штип (по полова и национална структура) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Турци | Роми | Власи | Срби | Албанци | Бошњаци | Други | Други лица* |
| Вкупно | 44.866 | 34.752 | 1.334 | 2.301 | 1.584 | 172 | 33 | 12 | 293 | 4.385 |
| Мажи | 22.260 | 16.969 | 713 | 1.207 | 833 | 82 | 21 | 4 | 159 | 2.272 |
| Жени | 22.606 | 17.783 | 621 | 1.094 | 751 | 90 | 12 | 8 | 134 | 2.113 |

* Лица за кои податоците се преземени од административни извори

Според пописот, скоро 10% од населението во општината не е попишано и за нив податоци се преземени од административни извори, па заради тоа за нив нема податок за етничка припадност.




Вкупниот број на население во општината постојано се намалува како резултат на намалување на наталитетот и иселување на жителите од општината. Според пописот од 2002 година, бројот на проценетото население во општина Штип изнесува 47.796 жители, што претставува намалување за околу 3.000 жители, од 6,1%, во однос на бројот на попишаните жители во 2021 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика природниот прираст во општината е во постојано намалување и во 2020 година изнесува -5,4% и истиот е под просекот во државата.
Трендот на постојано иселување од општината, но и од државата е евидентен од намалениот вкупен број на население. Според објавите на Државниот завод за статистика, скоро вкупниот број на доселени и иселени лица од општина Штип, од 95% до 98% претставуваат внатрешните миграции од село во град во рамки на општината, во други општини, од кои најмногу во Скопје, додека минорен е бројот на иселени, односно доселени лица од странство.Причините за иселување најмногу се должат на стекнување образование, склучување на брак или вработување.




Согласно Државниот завод за статистика, во последните години бројот на иселени лица од општината се намалува и се појавува позитивно миграциско салдо, односно бројот на доселени лица во општината е поголем од бројот на иселените. Најнизок број на отселени лица има во 2020 година, 133, од кои само 15, односно 11% се иселени во странство.
Покрај иселувањето, општината се соочува и со постојано стареење на населението. Според пописите од 2002 и 2021 година, најмногу е намален бројот на лица од 0 до 34 години, и тоа кај категоријата од 0 до 14 години за околу 1.795 лица и кај категоријата од 15 до 34 години за 4.346 лица, додека кај категоријата од 35 до 64 години, намалувањето изнесува 580 лица.

Табела 1: Население по старосни групи, по пописи




*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на население кај категоријата над 65 години е зголемен за 3.792 лица и тоа најмногу кај лицата со повеќе од 80 години, чиј број е зголемен за 187%. Кај лицата со 85 и повеќе години за 353, односно за 207% и кај лицата од 80 до 85 години за 599 лица, односно за 177%. Кај останатите категории зголемувањето е за 749 лица, односно за 98,6%, кај лицата помеѓу 75 и 79 години и бројот на лицата од 65 до 74 години е зголемен за околу 60%, односно за околу 2.100 лица.

Слика (да се вметне соодветен број – не е табела): Структура на население по старосни групи во 2021




Миграциите, негативната стапка на наталитет (повисока од просекот на државата) и пораст на населението над 65 години (повисока стапка од просечната во државата) имаат влијание врз намалување на бројот на работоспособно население во општината и стареење на населението, што во иднина ќе создаде потреба од привлекување на работна сила од други општини и држави, како и зголемена потреба од креирање на нови работни места поврзани со грижа за возрасните.

Овие сознанија се од голема важност за креирање на идни политики и мерки за локален економски и социјален развој на општината, особено од аспект на одржливост и развој. Потребно е континуирано следење на состојбите и креирање на приоритети во стратешкиот пристап на креирање на конкретни активности кои ќе

придонесат кон побрз економски развој на општината и здрава животна средина за подобар живот на населението во општината.
Еден од показателите за подобар живот е и бројот на членови на домаќинство кои живеат во еден стан. Доколку се направи споредба на податоците од пописите, состојбата е следна:
Во 2002 година, во општина Штип имало 3,17 членови во едно домаќинство, додека во 2021 година едно домаќинство брои 2,7 членови.

| Попис | Население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| 2002 | 47.796 | 15.065 | 18.270 |
| 2021 | 44.866 | 16.695 | 22.590 |

*Да се референцира како табела! Извор: Државен завод за статистика*

Во 2002 година, бројот на станови по домаќинство изнесувал 1,2, додека во 2020 година, на едно домаќинство припаѓаат 1,35 станови, што покажува на подобрување на состојбите во делот на домувањето.

Социјални услуги и објекти
Во однос на социјалната политика, Општина Штип соработува со ЈУ МЦСР во чиј состав влегуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, Дневниот центар за деца со аутизам и Мал групен дом во кој се сместени деца без родители и родителска грижа на возраст од три до осумнаесет години.
Општината има изработени документи за социјална, детска и здравствена заштита и тоа: Програма за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, здравствената и детската заштита; Локален акциски план за лица со инвалидитет; Локален акциски план за Роми од областа на вработување, домување, образование, здравство и жена ромка.
Други јавни установи во општина Штип се:

- Министерство за финансии - подружница Штип
- Управа за јавни приходи Штип
- Централен регистар на Република Северна Македонија
- Фонд за здравствено осигурување – ПС Штип
- Фонд за пензиско осигурување - ПС Штип
- Државен санитарен и здравствен инспекторат - Подрачно одделение Штип (Агенција за храна и санитарна инспекција)
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија - Центар за вработување – Штип
- Министерство за правда– подружница Штип
- Основно јавно обвинителство –Штип
- Апелационен суд – Штип
- Основен суд – Штип
- Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип
- ЈУ Македонски телекомуникации - подрачна единица Штип
- ЈУ Центар за јавно здравје Штип
- Министерство за внатрешни работи– подрачна единица Штип

- Државен просветен инспектор
- Биро за образование
- Министерство за финансии - Имотно - правни работи
- Министерство за економија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПО Штип
- Државен Управен инспекторат
- Државен инспекторат за труд
- Државна изборна комисија
- Државен завод за статистика
- Собрание на Република Северна Македонија – канцеларија на Народен пратеник

Во општината функционираат и две јавни претпријатија, чиј основач е општината:

- ЈП „Исар"- Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи кое е одговорно за: собирање, обработка и снабдување со вода за пиење, отстранување на отпадни води, собирање и депонирање на отпад и одржување на јавната хигиена.
- ЈП „Стипион 2011" Јавно претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште.

Во општината има експозитури на сите банки, како и солидна мрежа на осигурителни компании.

Здруженија на граѓани

Вклучувањето на граѓаните во процесите на донесување на одлуки е тесно поврзано со децентрализацијата. Успешната децентрализација бара високо ниво на учество на локалната заедница во овие процеси. Локалните власти кои се ориентирани кон ефективна комуникација со граѓаните, се во позиција да им служат на граѓаните и да се фокусираат на реалните приоритети и со тоа ефективно да ги користат општинските буџети. Поради тоа, комуникацијата помеѓу граѓаните и општинските власти мора да се одвива преку институционални механизми што можат да бидат прилагодени и подобрени. За граѓаните ова претставува можност да се вклучат и да влијаат на проблемите што имаат директен ефект врз секојдневниот живот, а за властите можност за зголемување на поддршката за нивните идеи и пронаоѓање на нови, иновативни начини за решавање на проблемите.

Во Штип постојат петнаесетина активни граѓански организации кои работат на унапредување на животот на граѓаните. Општина Штип во својата евиденција ги има следниве: Здружение за заштита на работничките права Гласен Текстилец Штип, Фондација за развој на локалната заедница Штип, Едукативно-хуманитарна организација ЕХО Штип, Здружение на мултиетничко општество за човекови права Штип, Здружение на граѓани без работа "Светла визија" - Штип, Здружение за хуманитарни активности "Синергија" - Штип, Еколошко друштво "Виножито" - Штип, Друштво за достоинство на хендикепираните лица "Надеж"- Штип, Граѓански информативен центар "Спектар" - Штип, Здружение "Маркетинг -Менаџмент" - Штип, Здружение на Ромите "Черења" - Штип, Македонски Егеј -Штип, Фондација за информатичка технологија и локален економски развој "ЛЕР ИТ" - Штип, Младински Клуб - Штип, Младинска Организација ВОДА плус – Штип, Здружение на земјоделски производители и претприемачи (ЗЗПП) ,,Агровизија"- Штип и Карбинци, Организација

на потрошувачите на Штип, ”МЕДИА Плус” - Штип, „Сплотени срца“ - Штип, Здружение на слепи лица, Организација на жени и др.

Снабдување со вода, енергија и телекомуникации

Од 2022 година, Градот Штип се снабдува со вода за пиење од Хидросистемот “Злетовица”. Претходно Штип се снабдуваше со вода за пиење од подземните води на реката Брегалница, преку систем на бунари распоредени на три локации: Фортуна, Штипско езеро и АРСМ.

Хидросистемот “Злетовица” е повеќенаменски водостопански систем и се наоѓа во североисточниот дел на Македонија, со кој се овозможи целосно користење на водниот потенцијал на река Злетовица.

Со Хидросистемот се обезбедува вода за пиење на преку 100.000 жители во населените места Пробиштип, Кратово, Злетово, Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово, потоа наводнување на 4.500 ха земјоделски површини во атарот на Пробиштип и Кратово и хидроенерегетско користење на расположивиот воден потенцијал за производство на околу 49.5 милиони kWh годишно, како и заштита од поплави и обезбедување на биолошки минимум.

ЈП „Исар“ во нова филтер-станица ја преработува водата од Хидросистемот „Злетовица“. Со тоа, жителите на Штип жителите на Штип се снабдуваат со вода за пиење.

Преку 40 километарски подземен цевковод водата од Злетовица се дистрибуира до штипската филтер станица, при што се врши комплетна преработка и дистрибуција до крајните корисници на 180 литри вода во секунда, колку што просечно изнесува потрошувачката на вода во Штип.

Системот на канализација во градот Штип се состои од канализациска мрежа и колекторски систем. На канализацискиот систем се приклучени и Три Чешми и населбите Брегалничка, Балканска, Чардаклија и Караорман.

Отпадните води директно се испуштаат во реката Брегалница и заради тоа е предвидено изградба на Пречистителна станица за прочистување на урбаните отпадни води.

Снабдувањето со електрична енергија за градот и руралните делови во општина Штип е стабилно и се обавува преку разгранет систем на електрична мрежа, трафостаница и трансформатори, за што се грижи ЕВН.

За задоволување на поединечните потреби по дејности и начин на користење на земјиштето (лесна индустрија, мало стопанство, јавни установи, станбени единици и сл.) се решава по поединечно случај, или цела зона, како на пример при изградба на индустриски зони.

Во поглед на телекомуникациската мрежа, во општината има развиен систем за пренос на телекомуникациски сигнали безжично и преку кабел, кој обезбедува добар и брз трансфер.

Даночна политика

Во согласност со генералниот процес на децентрализација во Република Северна Македонија, една од клучните димензии е и фискалната децентрализација, т.е. фискална автономија во надлежноста на локалните самоуправи. Освен трансферите од буџетот на централната влада, кои секако следуваат во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), други закони и постоечка

регулатива им овозможуваат на ЕЛС финансиска автономија и во одредувањето на висината на следниве даноци и давачки на локално ниво:

- Даноци на недвижен имот, поклон и наследство (Закон за даноци на имот)
- Комунални такси за приклучување и користење на сите видови на комуналната инфраструктура (Закон за комуналните такси), и
- Административни такси (Закон за измени на законот за административни такси).

Висината на овие даноци и давачки е одредена во соодветните закони во распон од минимален износ до максимален износ, односно стапка на данок. Тоа сепак остава слобода општината сама да ја одреди висина на стапките на даноците, особено на данокот на имот и комуналните давачки.

Во досегашниот период општина Штип нема определени дополнителни даночни стапки над законски утврдените, ниту пак стимулации или даночни олеснувања со цел поттикнување и развој на почетни и други бизниси.

Основната задача на општината е ефикасно и ефективно менаџирање со даноците кои се основен приход на општината и одредување на стимулативни/повластени стапки на даноци за нови бизниси, со цел да го стимулира бизнисот, а притоа да не ја наруши финансиската стабилност на општинскиот буџет.

Затоа е потребно добар финансиски и даночен менаџмент од страна на општината, кој ќе обезбеди дефинирање на стимулативни даночни стапки и редовна и навремена наплата на даноците.

Висината на даноците и давачките, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за старт на нови бизниси и проширување на дејноста или обемот на постоечките бизниси (претпријатија), се еден од клучните фактори на локалниот бизнис амбиент.

**SWOT Анализа**

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, можностите и заканите) за економски развој на општина Штип е подготвена врз основа на анализата на состојбите во општината, постојните капацитети, расположливите ресурси, потенцијалот за развој и глобалните трендови и социо-економскиот развојна регионот.

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| Организирани услуги на едно место (во зградата на општната)<br>Искусен кадар<br>Квалитетен човечки капитал вработен во општината<br>Функционален економско-социјален совет на општината кој ги вклучува институциите, бизнисот и граѓанскиот сектор<br>Изготвен генерален урбанистички план на град Штип<br>Изготвени детални урбанистички | Недоволна мотивација на општинската администрација<br>Недоволно ефикасни услуги кон бизнисите и граѓаните<br>Спора администрација/долги процедури за издавање дозволи<br>Недоволна и нецелосна база на податоци и информации<br>Неефикасен систем на мониторинг и евалуација<br>Слаба комуникација со бизнисите<br>Недоволно развиени инструменти за |

| | |
|---|---|
| планови за индустриски зони<br>Спроведена и развиена инфраструктура во индустриските зони<br>Пристап до слободно комунално уредено градежно земјиште во Индустриските и останати општински зони<br>Добра инфраструктура (патишта, обновен водовод, канализација, изградба на пречистителна станица), пред се во урбаната област<br>Добра структура на земјоделско земјиште<br>Солиден потенцијал на минерани суовини и природни извори на енергија<br>Умерено континентална клима, поволна за одгледување одредени култури<br>Раст на големите компании кои овозможуваат соработка со малите и средни претпријатија во општината<br>Постоење услови за развој на културолошки, бањски и рурален туризам<br>Постоење на бројни и разновидни културни и уметнички манифестации | соработка со бизнис секторот<br>Слаба покриеност на општината со изработени урбанистички планови за одредени делови на градот, а особено во руралните средини<br>Голем број невработени<br>Неповолна структура на невработените<br>Голема разлика помеѓу понудата и побарувачката на работна сила<br>Отсуство на соработка помеѓу бизнисот и средните стручни училишта за потребни образовни програми и квалификации<br>Недоволна искористеност на можностите за развој на бизнисите, како активни мерки на Владата и ЕУ и други фондови<br>Воспоставеност на застарени струки на средните стручни училишта за технички квалификуван кадар<br>Образовните институции произведуваат работна сила која не е во согласност со потребите на пазарот на труд<br>Заостаната земјоделска пракса, слаб капацитет на земјоделците, слаба можност за наводнување<br>Немање сопствено производство на електрична енергија во општината<br>Заминување на млад и образован кадар од општината<br>Недоволно организиран и дефиниран пристап кон практичната работа и дуално образование<br>Недоволни капацитети во општината за организација на обуки за претприемништво<br>Слаба поврзаност на учесниците во вредносните синџири<br>Недоволно инвестиции кои би отвориле нови работни места<br>Слабо развиени сообраќајни врски во руралните средини<br>Најголем дел од природните ресурси не се во сопственост на општината<br>Издавањето на концесии и дозволи е на централно ниво – слаб удел на општината<br>Неразвиена туристичка инфраструктура |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| Селење на производните капацитети на развиените земји од Азија во Европа<br>Слободни места во ТИРЗ Штип<br>Можност за отворање нови зони<br>Поволна инвестициска клима во државата и добра законска регулатива<br>Можност за браунфилд инвестиции (постоечки неактивни слободни деловни објекти)<br>Можности за гринфилд инвестиции<br>Користење на програми и средства за преквалификација и доквалификација на работниците<br>Програми на АВРМ за вработување, самовработување и микро кредитирање,<br>Голем број на сончеви денови и поволни ветришта, како можност за поставување соларни панели и ветерници за производство на обновливи извори на енергија<br>Пристапност до други финансиски инструменти освен редовните банкарски комерцијални инструменти<br>Постоење соработка помеѓу бизнисите на локално ниво, големите претпријатија настојуваат да развијат партнерски однос со локални добавувачи<br>Користење на проекти за организирање на обуки и зголемен капацитет на бизнис секторот<br>Растечки интерес за туризам на глобално ниво, зголемена мобилност и потенцијал за развој на туризмот<br>Поголеми овластувања и средства за општината, како резултат на натамошна децентрализација<br>Достапност на Европските фондови и други донатори<br>Достапност на фондови и програми на централната власт<br>Добра соработка помеѓу бизнис секторот – невладините организации – образовните институции во однос на креирање проекти од Европски фондови | Несигурна политичка ситуација на глобално ниво и последици по домашната економска ситуација и политичка криза<br>Одлив на квалификуван кадар во поголемите општини (со средно и високо образование) и во странство<br>Зголемување на каматните стапки, како резултат на економската криза надвор и во земјата<br>Недостаток на енергенси за потребите на граѓаните и бизнис секторот<br>Зголемени цени на горивата, градежните материјали и на сите други суровини и материјали<br>Постоење на нелојална конкуренција<br>Намалување на потребата од работна сила<br>Опасност од затворање на домашните компании/индустриски гранки (текстил) и зголемена невработеност |

Анализата покажа дека администрацијата на локалната самоуправа има добра кадровска екипираност, има подготвена техничка документација за регионална депонија, започната постапка за заштитени подрачја, постои мерна станица за мерење на квалитет на отпад, има формиран регионален центар за управување со отпад и план за управување со отпад на регионално ниво. Општината има добра основна инфраструктура за образование и спорт, добра здравствена мрежа и соработка помеѓу здравствените институции. Има постоечка инфраструктура за култура и традиција на културни настани како и голем број на здруженија на граѓани од обласста на културата.
Можностите за унапредување и развој се детектираат најмногу во областите енергетика (особено обновливи извори на енергија), туризам, услужни дејности (ИКТ) и развој на руралните подрачја преку развој на земјоделието. Исто така потребни се поголеми напори за преквалификација на лицата кои бараат работа и подобра соработка со бизнис секторот.
Како најголема закана во анализите произлезе иселувањето на младите, што го загрозува идниот развој на поединечните области, но и на целата општина. Исто така и корупцијата беше идентификувана како закана во сите области значајни за локалниот економски развој на општината.
Како најголема можност во секоја од областите произлезе поголемото искористување на расположливите фондови, пред се ИПА и ИПАРД, што отвора потреба од планирање на активности кои ќе ги зголемат капацитетите на надлежните за подготовка и имплементација на вакви проекти, но и потребата од поголема соработка помеѓу општествените чинители и здружување на нивните капацитети и знаења. Поголемата соработка исто така е препознаена како добра можност и потреба од секоја од соодветните работни групи.

**Регионална и локална економија**

Источниот плански регион, во кој спаѓа Општина Штип спаѓа во средно развиените региони во Република Македонија и заедно со Скопскиот регион во кои во изминатите десетина години најмалку се вложува, односно реализирани се најмалку јавни инвестиции од страна на државата.
Најмногу инвестиции во анализираниот период се вложени во Североисточниот регион, 28,5%, потоа во Полошкиот регион, 22,3% и во Југозападниот регион, 13,4%.

Табела 2: Јавни инвестиции по региони во периодот 2009 – 2018




*Извор: Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021-2031*

Најниско ниво на инвестиции е остварено во Скопскиот регион, 2,7% и во Источниот регион, 6,2% од вкупно реализираните инвестиции за развој на регионите во Република Македонија.
За подобро креирање на стратегии за развој на планските региони и споредба на развиеноста помеѓу регионите, донесена Одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Северна Македонија, Според оваа Одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс. Доколку индексот изнесува 100, нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на државата. Индекс поголем од 100 означува повисоко, а индекс помал од 100 означува пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на држава.
Во следната табела е прикажан степенот на развој на регионите и напредокот во развојот помеѓу двата периода. Од табелата се гледа дека Источниот плански регион остварил највисока пораст, за 0,3, односно за 29 индексни поени.

Табела 3: Развоен индекс по региони




*Извор: Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021-2031*

Во следната табела е прикажан развојниот индекс на регионите за периодот од 2018 до 2023 година

Табела 4: Класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година

| Плански регион | Развоен индекс | Економско-социјален индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 98,7 |

*Извор: Програма за развој на Источен плански регион2021-2026*

Источниот регион има степен на развиеност 96,1 што е под националниот просек и покажува позабавено темпо на развој споредeн со другите региони. Помал развоен индекс имаат само Полошкиот и Североисточниот регион.

Економско-социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 136,4 (втор после Скопскиот регион), додека демографскиот индекс е помал од националниот просек, истиот е најмал во споредба со останатите региони и изнесува 65,5.

Што се однесува со БДП, источниот регион е под националниот просек, но добра работа е што во периодот од 2016 до 2020 година учеството на БДП на Источниот регион се зголемува сточниот во наредните години се очекува да го надмине националниот просек.

Табела 5: Бруто домашен производ по жител

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Скопски регион | 143,4 | 141,8 | 142,0 | 142,5 | 141,8 |
| Пелагониски регион | 98,4 | 97,0 | 101,7 | 102,6 | 101,5 |
| Југоисточен регион | 119,1 | 117,8 | 112,2 | 110,5 | 107,4 |
| Југозападен регион | 77,4 | 80,2 | 78,8 | 76,5 | 76,6 |
| Источен регион | 92,7 | 97,5 | 97,7 | 96,2 | 98,0 |
| Вардарски регион | 105,3 | 103,5 | 104,6 | 108,4 | 111,5 |
| Полошки регион | 46,2 | 47,2 | 46,7 | 43,7 | 48,1 |
| Североисточен регион | 58,6 | 58,5 | 57,9 | 56,2 | 56,5 |

*Извор: Програма за развој на Источен плански регион2021-2026*

**Економија и инвестиции**

Во општина Штип, во 2021 година функционираат вкупно 1.843 претпријатија, од кои повеќе од половина, 1.073 се микро претпријатија, а 709 мали претпријатија. Структурата на претпријатијата ја отсликува состојбата на национално ниво, со мала разлика во бројот на микро и мали претпријатија. Имено, според статистиките на ДЗС, на национално ниво, бројот на мали претпријатија е многу поголем од бројот на микро претпријатија.

Табела 6: Структура на претпријатија во РМ и општина Штип




Карактеристика на штипското стопанство е раситнување на малите претпријатија за сметка на микро претпријатија. Од анализата на бројот на претпријатија во периодот 2010 – 2021 година, може да се забележи дека структурата на претпријатијата по големина е изменета токму кај овие две категории. Учеството во вкупниот број на мали претпријатија од 52% во 2010 година на 39% во 2021 година, додека учеството на микро претпријатијата од 47% се зголемило на 58%. Истовремено се зголемува учеството и на средните претпријатија од 1% на 2% и на големите претпријатија.

Табела 7: Структура на претпријатија по големина




2010




2021

Од следната табела може да се види движењето на бројот на микро и мали претпријатија во анализираниот период. 6
Бројот на мали претпријатија е намален за 279, додека бројот на микро претпријатијата е зголемен за 195, што наведува на заклучок дека малите претпријатија имаат проблем со опстанокот, односно недоволно искуство, знаење и вештини на менаџерите да се справуваат со промените.
Оваа состојба секако негативно влијае врз целокупната економија во општината, создавајќи социјални проблеми преку зголемување на бројот на невработени лица. Дел од нив започнуваат сопствен бизнис, што се гледа од порастот на бројот на микро претпријатија.

Табела 8: Микро и мали претпријатија




Од друга страна, трендот на пораст на бројот на средни и големи претпријатија е од голема важност за општината, бидејќи тие се двигатели на економскиот развој, апсорбирајќи поголема работа сила и го поттикнуваат развојот на микро и малите претпријатија, вклучувајќи ги во синџирот на набавки.

Табела 9: Средни и големи претпријатија




Бројот на средни претпријатија е двојно зголемен, а бројот на големи е зголемен од 2 на 21, на што секако влијаат и странските инвестиции во ТИРЗ и индустриските зони.
Градот Штип важи за центар на текстилната индустрија и бројот на производителите на текстил и облека е голем и изнесува 77. Од индустријата, покрај текстилната која е најзастапена, има производство на мебел, производство на храна и вино, како и производство на амбалажа и рециклирање на отпад.

Табела 10: Број на претпријатија по сектори




Според статистичките податоци, бројот на активни претпријатија во општинаШтип изнесува 1.843, од кои најголем број се во трговијата на големо и мало (29,9%), потоа во преработувачката индустрија (15,3%), транспорт и складирање (8,8%) и градежништво (5,3%). Стручните, научните и техничките дејности се застапени со 9,9% и заедно со другите услужни дејности (7,7%) се наоѓаат на второ место, веднаш после трговијата.

Од ова може да се заклучи дека општина во општина Штип најзастапени се трговијата, услужните дејности и лесната, преработувачка индустрија.

Доколку се анализира динамиката на бројот на претпријатија во периодот 2010-2021 година, се забележува раздвижување на секторите и пораст на услужните дејности, за сметка на трговијата, земјоделието и индустријата.

Табела 11: Движење на бројот на претпријатија по сектори




Најголем пад на бројот на претпријатија во анализираниот период се забележува кај секторот трговија, од -143 субјекти, потоа кај преработувачката индустрија и земјоделието од -14 субјекти и кај објекти за сместување и сервисни активности со храна -10 субјекти. За сметка на тоа, најголем пораст се забележува кај секторот стручни, научни и технички дејности од +64 субјекти, дејности во врска со недвижен имот +19, кај секторот информации и комуникации од +14 и кај другите услужни дејности од +23 субјекти. Ова кореспондира со податокот на зголемен број на микро претпријатија, бидејќи во услужниот сектор има најголем број на микро претпријатија.

Податоци за новосоздадени и згаснати претпријатија се достапни само на ниво на регион, па така во Источниот регион во периодот од 2010 до 2018 година бројот на новонастанати и на згаснати претпријатија е постојано намалување, со позитивен баланс на поголем број на новонастанати, од згаснати претпријатија.

Табела 12: Број на новонастанати и згаснати претпријатија




**Индустриски зони и инвестиции**

Во општина Штип се активни 3 индустриски зони со вкупна површина од околу 300 хектари. Сите зони се опремени со комплетна инфраструктура, пат, вода, канализација и електрична инсталација.

Интересот за плацовите во зоните е голем и се очекува да се пополнат набрзоплацовите кои се останати. Индустриските зони се наменети за лесна и незагадувачка индустрија, како би се зачувала животната средина.
Во зоните работат големи фирми кои вработуваат голем дел од населението и стопанството во општина Штип е во голема мера зависно од овие фирми.
Во зоните се лоцирани домашни и странски компании.
Успешен пример за Greenfield инвестиција во ТИР зоната е американски „Џонсон Контролс“ (www.johnsoncontrols.com), германски „Техникал Текстајлс“ (www.tech-tex.sk) и италијански „Кондево“ (www.condevo.com).

**ТИРЗ Штип** е најголема зона со површина од 206,5 хектари. Лоцирана е северозападно од градот, при влез од правец на Скопје. ТИРЗ Штип има добра патна поврзаност со автопат со Скопје и магистрален пат со Кочани и Струмица. Во зоната оперираат две компании кои произведуваат делови за автомобилската индустрија и една која произведува топлотни разменувачи за бојлери. ТИРЗ Штип е зона за гринфилд инвестиции.




**Индустриската зона „Запад“** се наоѓа западно од автопатот Скопје-Штип и има урбанизирани вкупно 15 парцели, на вкупна површина од 30,7 хектари.
**Индустриската зона „Север“** се наоѓа на магистралниот пат М-5, на оддалеченост од 3 километри од центарот на градот. Индустриската зона располага со15 уредени градежни парцели.
**Индустриска зона „Плуждино“** е во фаза на подготовка. Има изработен детален урбанистички план и веќе е продадена првата парцела за изградба на фабрика.
**Индустриска зона „Три Чешми“** функционира подолг временски период, меѓутоа истата не беше урбанизирана и во моментов е во изработка Детален урбанистички план, со кој се очекува пораст на инвестициите и поголем економски развој.
Сите индустриски зони се наменети за гринфилд инвестиции и целосно се покриени со електро-енергетско напојување, патна, водоводна и канализациона инфраструктура, како и со одлична патна инфрастуктура.
Покрај овие зони, ТИРЗ и двете индустриски зони, во општина Штип се урбанизирани парцели со градежно земјиште на следните локации:

- Работна зона „Балканска“
- Населба „Баби“
- Индустриски комплекс Македонка
- Индустриска зона Каленица
- Дел од индустриска зона Стококооп
- Индустриска зона Пребег
- Комерцијална зона Баби

**Работната зона „Балканска“** се наоѓа на оддалеченост од околу 3 километри од централното градско подрачје со директна врска со Магистралниот пат М-5. Во работна зона „Балканска” егзистираат неколку поголеми индустриски капацитети, стоваришта, складишта, шпедиции и царински терминал.
**Населбата „Баби“** се наоѓа на оддалеченост од околу 5 км од централното градско подрачје, на Регионалниот пат Р-601. Согласно ДУП, дефинирани се четири локации.
**Индустрискиот комплекс „Македонка“** се наоѓа на 5 км од централното градско подрачје и директно е поврзан со магистралниот пат М-5, до комплексот има издвоен крак на Железничка пруга Штип-Кочани. Согласно деталниот урбанистички план, во овој индустриски комплекс се предвидени 14 локации.

**Инфраструктура и енергетика**

Општина Штип има добро развиена патна мрежа во смисла на поврзаност на градот со другите градови во Македонија и добро развиени локални патишта кои ги поврзуваат населените места и селата во руралните средини со градот и меѓусебно.Иако патната инфраструктура е развиена, потребни се постојани инвестиции во нејзино одржување, но и изградба и асфалтирање на патиштата до селата во кои нема асфалтен пат, со цел подобро поврзување со регионалните патни правци и олеснување на транспортот на стоки и на земјоделски производи и на патници. Исто така потребно е изградба на нови улици и одржување на постојните во градот Штип.
Индустриските зони се добро уредени со патна, водоводна и канализациска инфраструктура, како и со енергетика. Електричната мрежа е доволна за сегашните потреби на граѓаните и индустријата. Водоводната мрежа е достапна за потребите на индустријата и е доведена до индустриските зони. Канализациона мрежа е доведена до индустриските зони, така да во трите зони и ТИРЗ постои добра инфраструктура. Во план е да се спроведе и гасификација, откако државата го изгради примарниот гасовод.
Во општина Штип нема производство на електрична енергија ниту од фосилни ниту од обновливи извори на енергија, но постои потенцијал за градба на обновливи извори на енергија, особено од сончева и енергија од ветар.Во услови на светска криза за енергенси, ова е висок приоритет за поттикнување на изградба на објекти за производство на обновливи извори на енергија.

**Пазар на труд**

Во последната декада се забележува позитивен тренд на пазарот на труд кој се манифестира со константен пораст на стапката на вработеност и соодветно опаѓање на стапката на невработеност. Сепак, состојбите сеуште се предизвикувачки и динамични, пропратени со чести промени во понудата и побарувачка на работна сила. На тоа најголемо влијание имаат промените на пазарот и прилагодувањето на компаниите кон динамичните процеси на глобалниот пазар, а особено на европскиот пазар, како главен кон кој се стремат домашните фирми. На ова се надоврзува и се почестото иселување на млад и стручен кадар во европските и други земји, заради подобри услови на работа и повисоки примања.
Од друга страна, понудата на работна сила не соодветствува на побарувачката, заради структурата на невработените од аспект на нивните знаења, вештини и

искуство. Исто така голем број стручни лица работат од дома за странски фирми и тие не се евидентирани во домашните статистики за вработени лица.

Табела 13:Стапка на вработеност и невработеност во РМ




И покрај опаѓачкиот тренд на бројот на невработени, стапката на невработеност е висока, а структурата на невработени по степен на образование е неповолна.
Анализирајќи ги податоците од Државниот завод за статистика и Агенцијата за вработување, евидентирани активни баратели на работа во првото полугодие на 2022 година се 3.009 лица, од кои половината (50,48%) се жени.
Ако се анализира структурата на невработени по степен на образование, најголем број од невработените 1.595 се без образование и со основно образование. Исто така висок е и бројот на лицата кои се со незавршено средно образование.

Табела 14: Структура на невработени во општина Штип




Доколку се направи споредба на структурата на невработените во општина Штип со истата на национално ниво, се забележува дека таа е понеповолна од националната, односно во општина Штип многу е поголем бројот на невработени без образование, со основано образование и со непотполно средно образование.

Табела 15: Споредба на структурата на невработени




Структура на невработени според образование и пол покажува дека кај мажите поголем е бројот на невработени со низок степен на образование, додека кај жените е обратно, поголем е бројот со завршено више и високо образование.

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Без образование и со основно образование | 54,8% | 45,2% |
| Непотполно средно образование | 63,5% | 36,5% |
| Завршено средно образование | 45,6% | 54,4% |
| Више образование | 38,6% | 61,4% |
| Високо образование | 32,7% | 67,3% |
| Магистри на науки | 25,0% | 75,0% |
| Доктори на науки | 100,0% | 0,0% |

Што се однесува до структурата на невработените според возраст, во општина Штип, најголем е бројот на невработени лица постари од 45 години, што во голема мера ја намалува на нивната конкурентност на пазарот на трудот. Особено ако на тоа се надоврзе и фактот на нивната ниска образовна структура

Табела 16: Невработени според возраст



Споредено со состојбата на ниво на држава, структурата на невработените според старост е понеповолна во општина Штип.




Најголем дел од невработените се македонци 68,3%, а значителен е и бројот на невработени роми, 23,7% од вкупниот број невработени во општината. Според бројот на ромското население, 30,2% од ромите се невработени. Ако на ова се надоврзе и податокот од спроведената анкета на ромите, според која 76,3% од анкетираните се без образование, со неоформено основно и со завршено основно образование, се доаѓа до детектирање на проблемите со ромското население нивно вработување.

Табела 17: Невработени според националната припадност




Побарувачката на пазарот на трудот, според анкетата за потребни вештини на Агенцијата за вработување, укажува дека во наредниот период во Источниот регион најбарани се машински инженер, инженер-технолог за обработка на дрво, градежен инженер, шивач, столар, чевлар, ткајач, општ работник, возач на товарно возило, пеглач на алишта, оператор на ЦНЦ машина и др. во следните табели даден е приказ на дејностите во кои се бараат работници според степенот на образование.




**Образование**

Состојбата со образованието и профилите на кадар кое ги обезбедува е таква да образовниот систем продуцира лица кои не се спремни веднаш по завршеното образование (средно или високо) да се вклучат во работните процеси. Образовните програми се застарени и не го пратат темпото на технолошките и пазарните промени на пазарот на трудот. Исто така, образованието во најголем дел е теоретско и отсуствува сериозна пракса на учениците од средните стручни училишта, но и од факултетите.

Заради тоа постои јаз помеѓу образовните профили на лицата кои бараат работа, во однос на побарувачката на работодавачите, какво целата држава, така и во општина Штип. Работодавачите, најчесто странските фирми, тоа делумно го надминуваат сообука за нивни потреби, најчесто за ниско профилните работни места, како работници во погон и општи работници.

Од друга страна структурата на лицата кои бараат работа не соодветствува со побарувачката и потребни се доквалификација и преквалификација на невработените. Голем е бројот на необразован кадар и постои голем недостиг на работна сила за елементарни занимања. Дефицитарни се занимањата од делот на струки, но постои дефицит и кај високообразовните кадри.

Според анкетата за работна сила на АВРМ од 2021 во општина Штип постои дефицит од работници со занимања, а од друга страна суфицит на работна сила со гимназија или без занимања. Препораката на студијата е дека е потребна преквалификација и доквалификација на работната сила според потребите на бизнис секторот. Истражувањето на Светска Банка 2020 укажува дека обуките понудени од страна на образовниот систем не содејствуваат со потребите на бизнис секторот. Во истата студија е констатирано дека ученици немаат соодветни практични вештини според здобиената диплома.

Така на пример, најавата на странски инвеститор за отворање погон за производство на делови за автомобилската индустрија, создаде голема побарувачка на профили кои ги немаше во општина Штип. Истото се случува и со други индустрии, за кои се потребни специфични кадри. Заради тоа потребна е поголема соработка и координација на институциите и бизнис секторот, со цел да се обезбеди преквалификација на невработените лица.

Претквалификацијата најчесто ја обезбедуваат акредитирани центри за обука, а во општина Штип има еден таков, кој нуди повеќе програми за струките кои најчесто се бараат на штипскиот пазар на труд.

Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење “Ванчо Прке“ е приватна установа која нуди програми за основно и средно образование за возрасни,

програми за квалификација од земјоделска, машинска, угостителска, прехранбена и градежна струка. Организацијата има верификувано околу 30 програми за следните струки:

- Земјоделска струка (полјоделец, градинар, цвеќар, сточар, пчелар, овоштар, ракувач со земјоделски машини)
- Машинска струка (ракувач со виљушкар, изработувач и монтер на градежна столарија)
- Угостителска струка (готвач, послужувач во ресторан)
- Прехранбена струка (изработувач на бели печива)
- Градежна струка (градежен работник – ѕидар)

Исто така, оваа установа нуди и дооформување на основно образование за возрасни.
Покрај оваа установа, постојат повеќе организации кои нудат курсеви за ИКТ и странски јазици.
Покрај програмите за преквалификација и доквалификација, кои се нудат и од страна на АВРМ, преку активните мерки на Владата на РМ, бизнисите искажуваат и потреба од обука на сите невработени лица заради стекнување вештини, кои заради застарениот образовен систем, отсуствуваат како кај младите, така и кај повозрасните лица кои бараат работа.
Според анкетата за потреба на вештини на пазарот на трудот за 2020, работодавачите истакнале дека покрај образованието потребни и дополнителни вештини.

<u>Вештини:</u> странски јазици, компјутер, сертификати од обуки за дополнителни знаења и вештини, напредни ИТ вештини и познавање на програмски јазици и вештини за внес и читање на податоци
<u>Меки вештини</u>: комуникациски вештини, тимска работа, вештини за продажба, вештини за менаџирање
<u>Лични вештини</u>: амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност.
Обуки за вештини во Штип нудат дел од граѓанските организации, но се јавува потреба од дополнителни понудувачи на обуки.
Во општина Штип има 5 основни училишта со 8 подрачни училишта, 5 средни училишта, од кои една гимназија и 4 стручни училишта.

1. ДЕМУ „Коле Нехтенин,“ за 5 профили од електро-техничката струка, 7 профили од машинската струка и 1 профил од угостителско-туристичка струка
2. СОУ „Димитар Мирасчиев“, за 7 образовни профили, 5 профили на техничари од текстилна струка и 2 профила на техничари за индустријата за чевли
3. СОУ „Јане Сандански“ за профили од медицинската струка
4. ДМУЦ „Сергеј Михајлов“, државен музички училиштен центар
5. ДСУ „Искра“, државно средно училиште за образование и рехабилитација за профили од машинска, земјоделска, графичка и текстилна струка

Штип исто така е универзитетски град и има еден универзитет со 7 факултети и 3 академии, кои се продуцираат кадри за целата држава.

Иако во општината има доволно средни училишта кои нудат различни струки, сепак е потребно усогласување и унапредување на програмите со потребите на бизнисот, како и воведување на нови програми и струки.
Она што исто така треба да се направи е средните училишта да акредитираат обуки за струките кои ги нудат и да станат центри за образование на возрасни, за доквалификација и преквалификација.
Потребна поголема ангажираност на центрите за преквалификација и доквалификација, да се интензивира соработката помеѓу средните училишта и големите и средни претпријатија во рамки на општината, а на среден рок да се направи преосмислување на програмите за образование во насока на потребите на пазарот на работна сила како и унапредување на процесот на советување за кариера и советување на младите за избор на кариера според потребите на пазарот на трудот.
Опременоста на средните училишта со кабинети, нагледни средства е на ниско ниво, опремата е застарена и постои голема потреба од нивно модернизирање и опремување како би можеле да обезбедат квалитетно образование според потребите на бизнис секторот. Во таа насока е неопходна соработка помеѓу училиштата и бизнис секторот, особено во делот на обавување на праксата на челниците.
Состојбата со степенот на образование кај ромското население е критична повеќе од 60% од ромската популација е неписмена и со неоформено основно образование, што е последица од нередовно посетување на наставата и предвремено напуштање на училиштето заради сезонската работа на нивните родители. Во последно време младите Роми се поредовни, што придонесува и за зголемување на процентот на писменост кај младата популација, но голем дел од постарата популација останува функционално неписмен, што во многу им ја ограничува можноста за вработување и добивање на подобро платени работни места.
Практикантсвото како мерка која е воведена од неодамна дава добри резултати и проценка е дека 50% од практикантите ги задржуваат своите работни места по истекот на практикантскиот стаж. Но, ова е случај само со поголемите претпријатија, додека малите претпријатија немаат капацитет за менторство и слабо примаат практиканти.

**Туризам и култура**

Туризмот во општина Штип не е развиен, иако општината има сериозен потенцијал за развој на бањскиот туризам, бидејќи во општината има повеќе извори на термални води, од кои се издвојуваат бањата Кежовица и термалните извори Л'џи. Водата од изворите кај Кежовица е дадена под концесија, а бањата не е реновирана, ниту се извршени позначајни адаптации и заради тоа истата не е атрактивна за привлекување на посетители. Потребно е општината да се заинтересира и да го провери договорот за концесија и да следи како концесионерот ги исполнува условите од договорот. Што се однесува до другите термални извори, неопходно е општината да оствари соработка со надлежното министерство, со цел да се интензивираат активностите во поглед на обновување или повторно издавање на концесии за изградба на комплекси за бањски туризам.

Покрај минералните води, потенцијален објект за привлекување на туристи е Исарот, како и археолошките наоѓалишта. Потребно е уредување на просторот до и околу Исарот, со можност за осмислување на интересни настани. во општината има услови и за развој на авантуристичкиот туризам, велосипедизам, посета на водопади сл.

Општината во досегашниот период повеќе обрнува внимание на културниот туризам, како фестивали, музеи, а од традицијата и старите занаети, заштитен знак за Штип е пастрмалијадата, која се организира секоја година.

Туризмот е најбрзорастечка гранка на економијата на глобално ниво и населението е постојано во движење, постојано барајќи нови интересни места за посета. Истиот тренд се чувствува и во Македонија, каде бројот на туристи, како надворешни, така и на домашни е во постојан пораст. Домашните туристи, во недостаток на атракции и места за посета, најчесто патуваат во соседните земји (Бургија и Србија за бањски и зимски туризам).

Заради тоа, општината треба да обрне посебно внимание на развој на туризмот и заради тоа неопходно е локалната самоуправа да подготви стратегија за развој на туризмот и да започне посериозни инвестиции во инфраструктура за развој на туризам. Исто така потребно е да се направи и дигитална туристичка мапа и апликација со која сите заинтересирани би можеле да дознаат за настаните и местата кои може да се посетат, како и силна промоција на сегашните и идните места, настани и атракции.

Во досегашниот период, општината има поголем број странски туристи, од домашни, но со развој на угостителски објекти и сместувачки капацитети, треба да се привлечат и домашните туристи, кои се повеќе бараат интересни места за посета, особено за време на викендите и празниците.

Развојот на туризмот во општината, како и на глобално ниво беше прекинат за време на Ковид пандемијата, но истовремено се отворија нови можности за развој на руралниот туризам, еко туризмот итн.

Во периодот 2018-2021 година точно може да се приметат ефектите од SARS – CoV – 2 (Covid – 19) пандемијата во туризмот. Во 2020 година забележан е значителен пад на бројот на туристи во општината, додека во 2021 година нивниот број повторно почнува да се зголемува. Така, во 2018 и 2019 година, евидентирани се приближно ист број на гости, околу 7.600, од кои повеќе од половина се странски туристи.

Табела 18: Број на домашни и странски туристи




Интересен е податокот, дека бројот на странски туристи постојано се зголемува во споредба со бројот на домашни туристи, што е доказ за заинтересираноста на странските туристи за посета на општината.

Табела 19: Структура на домашни и странски туристи




Доколку се анализира бројот на ноќевања, состојбата е иста како и кај нивниот број, односно поголем е бројот на ноќевања на странските туристи, од тие на домашните.

Табела 20:Број на ноќевања на домашни и странски туристи



Ноќевањата на странските туристи се во постојан пораст во однос на домашните, па од 59% од вкупниот број ноќевања реализирани во 2018 година, се зголемил на 68% во 2020 година, со мал пад во 2021 година, се очекува повторно зголемување во идните пост-пандемски години.

Табела 21: Структура на ноќевања на домашни и странски туристи




Доколку се анализира просечниот број на ноќевања по турист, се забележува постојан пораст на бројот на ноќевања во текот на периодот. Кај домашните туристи просечниот број ноќевања по турист се движи од 2,4 до 2,7, додека кај странските од 2,9 до 4,4.

Статистичките податоци само се доказ дека општината треба да даде приоритет на развој на туризмот во наредниот период.

**Земјоделие и рурален развој**

Општина Штип е индустриска општина и земјоделието е помалку развиено, иако има добар потенцијал за развој, со традиционални култури кои се одгледуваат, но и развој на нови.

Вкупната земјоделска површина во општината е 31.847 ха, од кои обработлива површина е 7.495 ха, односно 25,7%, а пасишта се 23.661 ха или 74,3% во 2017 година.

Од вкупната обработлива површина, 7.495 ха се ораници, ниви и бавчи, а останатите 685 ха се површини под лозја, овоштарници и ливади.




Од обработливата површина, најзастапени се житните култури, со 57,8%, потоа фуражните растенија со 14,8%, градинарски растенија, а во пораст се површините насадени со лозја (9,6%).




Колку малку се вложува во земјоделие во општината покажуваат податоците за остварен принос по хектар. Имено, приносите остварено во општината се далеку под просечно остварените приноси на ниво на државата. Од прикажаното во табелата подолу, јасно се гледа колку се ниски остварените приноси по хектар за секоја од наведените култури, и тоа најголеми се разликите кај градинарските култури, но скоро исто колку кај житните растенија. Единствено повисоки приноси по хектар се реализиран кај тутунот и гравот, култури кои не спаѓаат во традиционалните за овој регион.

| | Штип | РМ | |
|---|---|---|---|
| | Принос во килограми по хектар | | Разлика |
| Пченица | 814 | 2.746 | -1.932 |
| 'Рж | 609 | 2.070 | -1.461 |
| Јачмен | 722 | 2.138 | -1.416 |
| Овес | 511 | 15.485 | -14.975 |
| Пченка | 3.668 | 3.840 | -172 |
| Ориз | - | 5.217 | |
| Сончоглед | 431 | 1.536 | -1.105 |
| Тутун | 1.722 | 1.434 | 288 |
| Компир | 10.516 | 13.476 | -2.960 |
| Кромид | 7.033 | 15.485 | -8.453 |
| Лук | 425 | 4.450 | -4.025 |
| Грав | 1.071 | 1.035 | 36 |
| Грашок | 950 | 1.782 | -832 |
| Леќа | 250 | 1.119 | -869 |
| Зелка | 12.970 | 29.522 | -16.552 |
| Домати | 12.747 | 28.537 | -15.790 |
| Пиперки | 4.703 | 19.615 | -14.912 |
| Краставици | 11.938 | 49.789 | -37.852 |
| Бостан | 5.436 | 22.501 | -17.065 |

И покрај ниските приноси по хектар, учеството на производството на одредени култури во вкупното производство на ниво на држава е прилично високо. Така на пример, производството на тутун и грав во килограми е над просекот во државата, а исто така високо е и производството на пченка и компир.

Учество во производството на РМ







Површините под ливади и пасишта се големи и производството на сточна храна во тони и по хектар учествува со 52%, односно 72% во вкупното производство на национално ниво. Од овошките, најзастапени се вишните (67,9%) и сливи (10,4%) од вкупниот број на стебла, додека другите овошки се застапени во помал број.




Во поглед развој на овоштарството, приносите по стебло во општина Штип се пониски од националното ниво на сите видови овошки кои се одгледуваат, како и кај лозјата. Кај праските приносот по килограм по стебло кај кајсиите -20кг, кај црешите изнесува -18 кг и кај праските -18 кг. Слична е ситуацијата со сите овошки, како што е прикажано на табелата подолу.




Бројот на претпријатија регистрирани во земјоделската дејност постојано се намалува во периодот 2020-2021.

Број на претпријатија во земјоделство, шумарство и рибарство



Од претходното може да се заклучи дека земјоделството како гранка е занемарено во општината, има ниска искористеност на обработливото земјиште и низок принос по хектар или по родно дрво. Тоа е резултат на раситнетоста на земјоделската површина, голем дел неискористено земјиште во сопственост на државата, застарена механизација, без нови иновативни техники во третманот на земјата и насадите, како и низок степен на инвестиции и отсуство за задруги кои би биле мотор на развојот на земјоделието во општината.

**Стратешки план за локален економски развој**

Целите на стратегијата за локален економски развој на општина Штип се темелат врз целите утврдени во стратегијата за ЛЕР на општина Штип 2019 – 2024 година, како и целите дефинирани во:

1. Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031
2. Програма за развој на Источниот плански регион 2021-2026
3. Приоритети на општината утврдени низ партиципативен и инклузивен процес.

Стратегијата за регионален развој е усогласена со основните стратешки цели на регионалната политика на ЕУ (политика на кохезија) како клучна инвестициска политика на ЕУ за одржлив и инклузивен раст. При подготовката на стратегијата за регионален развој, особено внимание беше посветено на обезбедување на кохерентност на целите, приоритетите и мерките со начелата и приоритетите на европскиот зелен договор и на зелената агенда на западен Балкан, чија стратешка цел е да ја направи економијата на ЕУ и на Западен Балкан одржлива преку трансформација на климатски и економски предизвици во можности и праведна транзиција со вклученост на сите. Ефикасно искористување на ресурсите преку движење кон чиста, циркуларна економија, обновување на биолошка разновидност и намалување на загадувањето на животната средина се специфични цели на европскиот Зелен Договор и на Зелената агенда за Западен Балкан. Во истата стратегија се дефинирани следниве приоритети на ЕУ: Европа подготвена за дигиталната ера и Економија која функционира за сите луѓе.[1]

**Стратешки цели утврдени со Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031:**

1. Спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање и привлекување на приватни инвестиции во синергија со јавни инвестиции.
2. Напредни услуги од општините, подобрена транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура, ефективен пристап до пазар на трудот, родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи на населението.
3. Зајакната политика на регионален развој, подобрени финансиски и административни капацитети на регионално и локално ниво, подобрување на просторно планирање и урбанизација, подобрување на структурата на

[1] Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031

работната сила, преку обуки, доквалификација, оптимализација и унапредување на дуален систем на средно образование.

4. Зајакнување на земјоделието преку окрупнување на земјоделски површини, создавање предуслови за формирање на земјоделски задруги, зголемени инвестиции во системи за наводнување, зголемено искористување на ИПАРД програми, формирање на агро-индустриски зони.

**Стратешки цели утврдени со Програмата за развој на Источниот плански регион за 2021-2026:**

**Стратешка Цел 1 –Развој на конкурентна иновативна економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот**

Приоритет 1: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност;
Приоритет 2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија;
Приоритет 3: Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето;
Приоритет 4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата;
Приоритет 5: Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции.

**Стратешка Цел 2 –Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги**

Приоритет 1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита
Приоритет 2: Создавање услови за квалитетно образование
Приоритет 3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории
Приоритет 4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот

**Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси**

Приоритет 1: Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија;
Приоритет 2: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот;
Приоритет 3: Заштита на воздухот, водата и почвата;
Приоритет 4: Справување со последиците од климатските промени;
Приоритет 5: Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ).

**Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини**

Приоритет 1: Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство;
Приоритет 2: Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион;

Приоритет 3: Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини;
Приоритет 4: Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација.

**Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источниот плански регион како атрактивна туристичка дестинација**

Приоритет 5.1: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот;
Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот;
3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4386/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

452.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/2 ЗА НАМАЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ПО ОСНОВ НА ПЕНЗИОНИРАЊЕ, ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК И ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛНО ВРЕМЕ

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/2 за намалување бројот на вработени по основ на пензионирање, технолошки вишок и договор на определно време.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4387/2
10 јули 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

453.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/2 ЗА НАМАЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ПО ОСНОВ НА ПЕНЗИОНИРАЊЕ, ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК И ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛНО ВРЕМЕ

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/2 од 22.06.2023 година за намалување бројот на вработени по основ на пензионирање, технолошки вишок и договор на определно време.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката број 02-1101/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 22.06.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4387/1
7 јули 2023година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова,с.р.

454.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП "Исар"–Штип ,а во врска со Извештајот заведен со арх.бр.02-1101 од 22.06.2023 год., Управниот одбор на ЈП "Исар"-Штип на својата 40 седница, одржана на ден 22.06.2023 год. донесе

О Д Л У К А

Член 1

Се прифаќа предлог мерката под реден бр. 1 од Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., доставен од в.д.директорот на ЈП Исар Штип, како правна рамка и креирање на мерка за подршка на в.д.директорот за подобрување на финансиската стабилност на ЈП Исар Штип.

Член 2

Бројот на вработени да се намали за најмалку 30 вработени по основ на пензионирање , технолошки вишок и сите кои имаат склучено договор на определено време по истекот на времето за кој се склучени да се обноват само доколку има неопходна потреба од истиот вработен.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува во рок од 6 (шест) месеци по добивањето на согласност од Советот на Општина Штип.

Член 4

По истекот на рокот на примена, по направени анализи од ефектот на нејзиното донесување , примената на истата може да биде продолжена.

Број 02-1101/2
22 јуни 2023година

Штип

ЈП "Исар" -Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

455.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/3 ЗА ЗАБРАНА НА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/3 за забрана на прекувремена работа.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4388/2
10 јули 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

456.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/3 ЗА ЗАБРАНА НА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/3 од 22.06.2023 година за забрана на прекувремена работа.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката број 02-1101/3 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар"-Штип на седницата одржана на 22.06.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-4388/1
7 јули 2023година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

457.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП "Исар" – Штип ,а во врска со Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., Управниот одбор на ЈП "Исар" Штип на својата 40 седница , одржана на ден 22.06.2023 год. донесе

О Д Л У К А

Член 1

Се прифаќа предлог мерката под реден бр. 1 од Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., доставен од в.д.директорот на ЈП Исар Штип, како правна рамка и креирање на мерка за подржка на в.д.директорот за подобрување на финансиската стабилност на ЈП Исар Штип.

Член 2

Секој раководител на Одделение /Сектор извршувањето на работните задачи да го испланира со распоред на работа каде работната недела нема да биде подолга од 40 часа.

Во зависност од барањата на процесот на работата , кога работите наложуваат да се воведе продолжена работа , раководителот за таа работна недела да изврши прераспределба на работното време на тој начин што работникот тој ден ќе врши работа повеќе од 8 часа дневно , а во другите денови од работната недела помалку од 8 часа дневно , но вкупното работно време на работникот да не биде подолго од 40 часа во работната недела .За времено прераспоредување на работното време работникот писмено да биде известен во работниот ден кога се воведува прекувремена работа.

Став 2 од овој член не важи за вработените во Одделение водовод и канализација каде поради малиот број на извршители неможе да се изврши прераспределба на работното време .

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1101/3
22 јуни 2023година

Ш т и п

ЈП "Исар" -Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

458.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/4 ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМ НА СОРАБОТКА СО РОМСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/4 за склучување на меморандум на соработка со Ромски невладини организации.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4389/2
10 јули 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

459.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/4
ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА МЕМОРАНДУМ НА СОРАБОТКА
СО РОМСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/4 од 22.06.2023 година за склучување на меморандум на соработка со Ромски невладини организации.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката број 02-1101/4 донесена од Управниот одбор на ЈП„Исар“ Штип на седницата одржана на 22.06.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4389/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

460.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП "Исар" – Штип ,а во врска со Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., Управниот одбор на ЈП "Исар" Штип на својата 40 седница , одржана на ден 22.06.2023 год. донесе

О Д Л У К А

Член 1

Се прифаќа предлог мерката под реден бр. 2 од Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., доставен од в.д.директорот на ЈП Исар Штип, како правна рамка и креирање на мерка за подржка на в.д.директорот за подобрување на финансиската стабилност на ЈП Исар Штип.

Член 2

Да се издејствува склучување на меморандум на соработка со Ромски невладини организации, Министерството за труд и социјала и заеднички да се работи на подигање на свеста на ромската популација во делот да истите склучат договори како корисници на комуналните услуги дадени од страна на ЈП Исар Штип и рационално користење на водата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1101/4
22 јуни 2023година
Ш т и п

ЈП "Исар" -Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

461.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/5 ЗА ОТТУЃУВАЊЕ (ПРОДАЖБА) НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/5 за оттуѓување (продажба) на недвижна ствар во сопственост на ЈП „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4390/2
10 јули 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

462.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/5
ЗА ОТТУЃУВАЊЕ (ПРОДАЖБА) НА НЕДВИЖНА СТВАР
ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/5 од 22.06.2023 година за оттуѓување (продажба) на недвижна ствар во КО Штип-3 сопственост на ЈП „Исар“-Штип запишана на Имотен лист број 71290.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката број 02-1101/5 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар-Штип на седницата одржана на 22.06.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4390/1
7 јули 2023година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

463.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП "Исар" – Штип ,а во врска со Извештајот заведен со арх.бр.02-1101 од 22.06.2023 год., Управниот одбор на ЈП "Исар" Штип на својата 40 седница , одржана на ден 22.06.2023 год. донесе

ОДЛУКА

Член 1

Се прифаќа предлог мерката под реден бр. 3 од Извештајот заведен со арх.бр02-1101 од 22.06.2023 доставен од в.д.директорот на ЈП Исар Штип, како правна рамка и креирање на мерка за подршка на в.д.директорот за подобрување на финансиската стабилност на ЈП Исар Штип.

Член 2

Управниот одбор на ЈП Исар Штип, предлага на Советот на Општина Штип како основач на ЈП Исар Штип, да донесе одлука за давање на согласност за оттуѓување (продажба) на недвижна ствар во КО Штип 3 запишана во сопственост на ЈП Исар Штип на Имотен лист бр.71290 :

**ЛИСТ В-објекти**

-Број на КП основен 5205 , дел 0, адреса Сутјеска бр.1, намена на зграда превземена при конверзија - ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО, влез 1 кат ПР бр ./ (внатрешна површина 87 м2)

-Број на КП основен 5205 , дел 0, адреса Сутјеска бр.1, намена на зграда превземена при конверзија - ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО, влез 2 кат ПР бр ./ (внатрешна површина 43 м2)

Член 3

Продажбата на недвижните ствари од член 2 од оваа одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии -Управа за имотно правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Извештај-Записник за проценка на пазарна вредност на недвижен имот бр.17-1768/1 од 07.03.2023 година во која е проценета вредноста на недвижните ствари : деловен простор ( 87м2 ) во износ од 9.829.253,оо денари и деловен простор ( 43м2) во износ од 4.883.231,оо денари.

**-**Почетната цена за електронското јавно наддавање поединечно за деловниот простор од 87м2, влез 1 кат ПР изнесува **9.829.253,оо** денари.
-Почетната цена за електронското јавно наддавање поединечно за деловниот простор од 43м2, влез 2 кат ПР изнесува **4.883.231,оо** денари.
Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.eaukcii.finance.gov.mk.
Продажбата ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Штип.

Член 4

Средствата остварени од продажбата на недвижните ствари од член 2, ќе бидат уплатени на сметката на ЈП ,,Исар” Штип.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1101/5
22 јуни 2023година
Ш т и п

ЈП "Исар" -Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

464.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/6 ЗА ОТПИС НА ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/6 за отпис на законска казнена камата.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4391/2
10 јули 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

465.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЈП„ИСАР“-ШТИП БРОЈ 02-1101/6 ЗА ОТПИС НА ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип број 02-1101/6 од 22.06.2023 година за отпис на законска казнена камата произлезена од задоцнето плаќање на главен долг од правосилни пресуди на Основен суд Штип ТС. број 17/14 и ТС. број 7/15 во износ од 151.901.263,00 денари.

Советот на Општина Штип ќе достави барање до Министеството за финансии за финансиски отпис на законската казнена камата од став 1 на овој член.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката број 02-1101/6 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 22.06.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4391/1
7 јули 2023година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

466.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатиа и член 19 од Статутот на ЈП "Исар" – Штип ,а во врска со Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год., Управниот одбор на ЈП "Исар" Штип на својата 40 седница , одржана на ден 22.06.2023 год. донесе

О Д Л У К А

Член 1

Се прифаќа предлог мерката под реден бр. 4 од Извештајот заведен со арх.бр. 02-1101 од 22.06.2023 год. доставен од в.д.директорот на ЈП Исар Штип, како правна рамка и креирање на мерка за подржка на в.д.директорот за подобрување на финансиската стабилност на ЈП Исар Штип.

Член 2

Советот на Општина Штип како основач на ЈП Исар Штип, да побара од Министерството за финансии отпис на ЗКК кој произлегува од задоцнетото плаќање на главниот долг од правосилните и извршни пресуди на Основен суд Штип ТС.бр.17/14 и ТС.бр.7/15 која е пресметана во Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг склучена помеѓу Министерството за финансии , ЈП Исар Штип и Општина Штип и изнесува 151.901.263,оо ден.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1101/6
22 јуни 2023година

Ш т и п

ЈП "Исар" -Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

467.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4392/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

468.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/2020 и 111/2023) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 02/23 и 04/23), во делот **3. Програмски задачи**, во точка **3.1. Програмски задачи финансирани од буџет на Општина Штип**, потточката **5. Детални урбанистички планови,** се дополнува со две (2) нова алинеи кои гласат:

- Изработка на Детален урбанистички план на дел од урбана четврт СИ 07.03;
- Изработна на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија (за дислокација на надземен 10 (20) електричен вод од ТС Блок 77 до ТС Суитлак).

Точката **3.2. Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори**, се дополнува со пет (5) нови алинеи кои гласат:

- Изработка на Детален урбанистички план на дел од четврт СИ 07;
- Изработка на Детален урбанистички план на дел од четврт СЗ 02.01 – по наменска зона Г- Индустрија;

- Изработка на Детален урбанистички план на дел од четврт ЦЕ 01.01;
- Изработка на Детален урбанистички план на дел од четврт ЈИ 02.02;
- Изработка на Детален урбанистички план на дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на Град Штип.

По точката **3.2** се додава нова точка **3.3 Програмски задачи со заедничко финансирање од страна на Буџет на Општина Штип и од страна на заинтересирани инвеститори,** со следната алинеја:

- Измена и дополна на Генерален урбанистички план на Град Штип за градска четврт СЕ 04.03, СЕ 03.01, СЕ 05.02 (со детална разработка на дел од градска четврт СЕ 05.02 од ГУП на Град Штип).

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4392/1
7 јули 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

469.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

I

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење за изработка на урбанистички проект.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4393/2
10 јули 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

470.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

-Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.4 И ГП 1.5 од ДУП за Стари Бунари – Туртел, на дел од КП 2583, дел од КП 2584 и дел од КП 2581, КО Штип 2, Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4393/1
7 јули 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

471.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4394/2
10 јули 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

472.

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 42/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 90/20 и 101/21), член 3 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/11) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седница одржана на 7 јули 2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2023 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 20/22 и 06/23) во делот „**Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината“-Планирана диспозиција на урбана опрема**, табелата се дополнува со уште еден модул и тоа:

| р.б. | нумерација на објектите | Катастраска парцела (КП) | местоположба, улица и број | број на модули | вкупна површина во $м^2$ | Тип и намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | УО 59 Штип | КП 4137/1 КО Штип 3 | Улица „Сутјеска“ | 1 | 9 | киоск за весници храна или пијалоци |

II

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

III

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4394/1
7 јули 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

473.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот октомври-декември 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4395/2
10 јули 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

474.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот октомври-декември 2022 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4395/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

475.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4396/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

476.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 2023 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2023 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4396/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

477.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, РЕАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА ФЕСТИВАЛ
НА ПЕСНИ ЗА ДЕЦА „ВЕСЕЛО ШТУРЧЕ“-ШТИП-2023 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за организација, реализација и промоција на Фестивал на песни за деца „Весело Штурче“-Штип-2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4397/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

478.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА
ОРГАНИЗАЦИЈА, РЕАЛИЗАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА
ФЕСТИВАЛ НА ПЕСНИ ЗА ДЕЦА „ВЕСЕЛО ШТУРЧЕ“-ШТИП-2023 ГОДИНА

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 100.000,00 денари за организација, реализација и промоција на Фестивал на песни за деца „Весело Штурче“-Штип-2023 година на Здружение за култура, уметност и наука УМЕТНОСТ ЗА СИТЕ-Штип.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-4397/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

479.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ГОРАН МАРКОВ ЗА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Горан Марков за спортски натпревари.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4398/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

480.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ГОРАН МАРКОВ ЗА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 15.000,00 денари, на Горан Марков, за спортски натпревари - Треил трки во Италија-Лавередо и Словенија-Крањска Гора.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-4398/1 — Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година — Претседател,

Ш т и п — Весна Кожинкова

481.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СПОРТИСТ ИВАН РАДЕВ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на спортист Иван Радев.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4399/2 Општина Штип
10 јули 2023 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

482.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА СПОРТИСТ ИВАН РАДЕВ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 15.000,00 денари на спортист Иван Радев.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-4399/1 Совет на Општина Штип
7 јули 2023 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

483.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН КОНЦЕРТ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за организирање на меѓународен концерт.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-4400/2
10 јули 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

484.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 7 јули 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН КОНЦЕРТ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Лазар Костадинов, во висина од 30.000,00 денари, за организирање на меѓународен концерт.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-4400/1
7 јули 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

485.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 03.04.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ - ШТИП**

1. Се разрешува вршител на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип Коце Харизанов, поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 03.04.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

1. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. 09-2047/8 од 04.10.2022 година.
2. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 03.04.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип Коце Харизанов, се разрешува поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 03.04.2023 година.

Врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование, Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување и

исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/2
03.04.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

486.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 03.04.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ ШТИП**

1.За вршител на должноста- Директор на ООУ„Тошо Арсов“ -Штип, се именува:

**– Саво Лазов, наставник по историја**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, а стапува на должност од 03 Април 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Тошо Арсов“ – Штип, со Решение број 09-2219/2 од 03.04.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ„Тошо Арсов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Тошо Арсов“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште Саво Лазов, на работно место наставник по историја, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Тошо Арсов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

| | |
|---|---|
| Број 09-2219/3 | Општината Штип |
| 03.04.2023 година | Градоначалник, |
| Ш т и п | Иван Јорданов, с.р. |

487.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 116, став 1, алинеја 1 и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 06.04.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИШИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ -ШТИП**

1. Се разрешува вршител на должноста директор на Општинско Основно Училиште „Тошо Арсов“ Штип Саво Лазов, наставник по историја, на негово барање, заклучно со 06.04.2023 година.

2. Разрешувањето се врши врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Тошо Арсов “ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-2219/3 од 03.04.2023 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 06.04.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Тошо Арсов“ Штип Саво Лазов, наставник по историја, се разрешува на негово барање заклучно со 06.04.2023 година.

Врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/5
06.04.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

488.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 06.04.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ“ ШТИП**

1.За вршител на должноста- Директор на Општинско Основно Училиште „Тошо Арсов“ -Штип, се именува:

**– Коце Харизанов, наставник по одделенска настава**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, а стапува на должност од 06 Април 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Тошо Арсов“ – Штип, со Решение број 09-2219/5 од 06.04.2023 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ„Тошо Арсов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Тошо Арсов“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште Коце Харизанов, на работно место наставник по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Тошо Арсов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2219/6
06.04.2023 година

Штип

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

489.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 93 – в, став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ЈАНЕ САНДАНСКИ"- ШТИП**

**1.** Вршителот на должност Директор Марија Николиќ се разрешува од должноста Директор на СОУ „Јане Сандански" - Штип, поради истек на мандатот, заклучно со 12.05.2023 година.

**2.** Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за именување на вршител на должноста на Директор на Општинското средно училиште „Јане Сандански" - Штип бр. 09-3048/7 од 14.11.2022 година.

**1.** Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 15.05.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Со членот 93 – в, став 2, од Законот за средното образование од („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), утврдено е дека вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на средното училиште, но не подолго од шест месеци.

Поради истекот на 6 месеци од денот на именувањето на вршител на должност Директор на СОУ „Јане Сандански" - Штип, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3239/1
12.05.2023 година

Штип

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

490.

Врз основа на Член 50, став (1), алинеја (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со Член 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на 15.05.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА - ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ - ШТИП**

**1.** Се именува лицето Марија Николиќ - стручен наставник по практична настава за вршител на должноста - Директор на Општинското средно училиште „Јане Сандански“ - Штип, сметано од 15.05.2023 година.
**2.** Именуваното лице ќе ги врши работите коишто произлегуваат од функцијата до именувањето на нов директор на училиштето, но не подолго од 6 (шест) месеци сметано од денот на именувањето.
**3.** Примерок од ова Решение да се достави до именуваното лице, училиштето и Архивата на Општина Штип.
**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Член 93-в од Законот за средното образование, Градоначалникот на Општина Штип во рок од 3 (три) дена од денот на разрешувањето на постојниот директор, именува вршител на должноста - директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за избор на

директор пропишани во Член 91, став (2) и став (3) од Законот за средното образование.

Имајќи го во предвид фактот дека мандатот на претходниот вршител на должноста - директор заврши, Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави Жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 (петнаесет) дена по приемот на истото.

Број 09-3239/2
15.05.2023 година

Штип

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

491.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 19.06.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПРКЕ" - ШТИП**

1. Се разрешува вршител на должноста директор на ООУ „Ванчо Прке" Штип Кокан Радев, професор по математика, поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 19.06.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Ванчо Прке“ - Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-3634/7 од 19.12.2022 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 20.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Ванчо Прке“ Штип Кокан Радев, се разрешува поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 19.06.2023 година.

Врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование, Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување и исто лице еднoподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3996/1 Општината Штип
19.06.2023 година Градоначалник,

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

492.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 22.06.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПРКЕ“ - ШТИП**

1.За вршител на должноста - Директор на Општинско Основно Училиште „Ванчо Прке“ - Штип, се именува:

– Верица Наумова, професор по ликовно

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Ванчо Прке“ Штип, а стапува на должност од 22 Јуни 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се’ до изборот на директор на ООУ„Ванчо Прке“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Врз основа на Член 118, став 1 од Законот за основното образование, Градоначалникот на Општина Штип во рок од 3 (три) дена од денот на разрешувањето на постојниот директор, именува вршител на должноста - директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор пропишани во Член 118, став 1 од Законот за основното образование.

Имајќи го во предвид фактот дека мандатот на претходниот директор престана, Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Од редот на вработените во ООУ„Ванчо Прке“ – Штип, вработената на неопределено време во истото основно училиште – Верица Наумова, на работно место професор по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Ванчо Прке“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3996/2 Општината Штип
22.06.2023 година Градоначалник,

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

493.

Врз основа на Член 50, став (1), точка (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и согласно Член 115, став (14) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА**
**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПРКЕ“ - ШТИП**

1. **СЕ ИЗБИРА** лицето **КОКАН РАДЕВ** за **ДИРЕКТОР** на **Основно општинско училиште „Ванчо Прке“ - Штип**.
2. Мандатот на избраното лице ќе изнесува **4 (четири) години**, сметано од денот на избирањето.
3. Примерок од ова Решение да се достави до избраното лице, училиштето и Архивата на Општина Штип.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип донел Решение за овластување на училишен одбор со дел. Број 09-2225/1 од 27.03.2023 година со која Училишниот одбор на Основното општинско училиште „Ванчо Прке“ - Штип бил задолжен да распише јавен оглас за избор на директор. Согласно Одлуката на Градоначалникот на Општина Штип, Училишниот одбор донел Одлука со дел. број 02-682/2 од 31.05.2023 година за распишување јавен оглас за избор на директор и Одлука со дел. број 02-682/3 од 31.05.2023 година за формирање на Комисија за разгледување на пристигнатите документи и спроведување на јавниот оглас.

Јавниот оглас за избор на директор бил објавен во јавните гласила - дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ на ден 02.06.2023 и „Коха“ на ден 13.06.2023 година и во него биле утврдени условите коишто треба да ги исполнат пријавените кандидати, потребната документација којашто треба да се поднесе, времето на траење на јавниот оглас и рокот во којшто ќе биде извршен изборот.

Во определениот рок од 8 (осум) дена, пријава за учество на јавниот оглас била поднесена од страна на 1 (еден) кандидат.

Комисијата по разгледување на пристигнатите документи констатирала дека пријавениот кандидат на јавниот оглас во утврдениот рок ги доставил потребните документи согласно Законот и објавениот јавен оглас и дека во целост ги исполнува условите за избор на директор.

По добивање на Записникот од Комисијата за разгледување на документи со број 04-809/1 од 22.06.2023 и спроведеното интервју со пријавените кандидати од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието, Училишниот одбор со мнозинство донел Одлука за предлог кандидат со дел. број 02-822/2 од 27.06.2023 година со која кандидатот Кокан Радев, вработен во училиштето како дипломиран професор по математика, да биде избран за директор на Основно општинско училиште „Ванчо Прке“ - Штип.

По добиениот предлог од страна на Училишниот одбор се констатираше и утврди дека целокупната постапка за избор на директор во ова училиште била спроведена согласно законските и подзаконските нормативно - правни акти, за што Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова Решение дозволена е жалба по однос на спроведување на постапката за избор на директор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Број 09-4138/2 Општината Штип
28.06.2023 година Градоначалник,

Штип Иван Јорданов, с.р.

494.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 19.06.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

1. Се разрешува вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Штип Зоран Митев, професор по историја, поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 19.06.2023 година.

2. Разрешувањето се врши врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Гоце Делчев“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. 09-3635/9 од 19.12.2022 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 20.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Штип Зоран Митев, се разрешува поради поминати шест месеци од именување на вршител на должноста директор заклучно со 19.06.2023 година.

Врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование, Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување и исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3997/1
19.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

495.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 19.06.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

1.За вршител на должноста - Директор на Општинско Основно Училиште „Гоце Делчев“ - Штип, се именува:

– Горан Келеманов, професор по одделенска настава

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Гоце Делчев“ Штип, а стапува на должност од 20 Јуни 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се’ до изборот на директор на ООУ„Гоце Делчев“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Врз основа на Член 118, став 1 од Законот за основното образование, Градоначалникот на Општина Штип во рок од 3 (три) дена од денот на разрешувањето на постојниот директор, именува вршител на должноста - директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор пропишани во Член 118, став 1 од Законот за основното образование.

Имајќи го во предвид фактот дека мандатот на претходниот директор престана, Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Од редот на вработените во ООУ„Гоце Делчев“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште – Горан Келеманов, на работно место професор по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Гоце Делчев“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се' до именување на нов директор, а за тој временски период работното место се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3997/2
19.06.2023 година

Штип

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

496.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 116, став 1, алинеја 1 и член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 26.06.2023 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

1. Се разрешува вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев" Штип Горан Келеманов, професор по одделенска настава, на негово барање, заклучно со 26.06.2023 година.
2. Разрешувањето се врши врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Гоце Делчев"**

**Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. 09-3997/2 од 19.06.2023 година.

6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 26.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Штип Горан Келеманов, се разрешува на негово барање, заклучно со 26.06.2023 година.

Врз основа на член 116, став 1, алинеја 1 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3997/4
26.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

497.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 26.06.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

1.За вршител на должноста - Директор на Општинско Основно Училиште „Гоце Делчев“ - Штип, се именува:

– Зоран Митев, професор по историја

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Гоце Делчев“ Штип, а стапува на должност од 26 Јуни 2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се' до изборот на директор на ООУ„Гоце Делчев“ Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Од причина што настапија услови за разрешување на вршител на должност директор на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, со Решение број 09-3997/5 од 26.06.2023 година, а врз основа на Член 118, став 1 од Законот за основното образование, Градоначалникот на Општина Штип во рок од 3 (три) дена од денот на разрешувањето на постојниот директор, именува вршител на должноста - директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор пропишани во Член 118, став 1 од Законот за основното образование.

Од редот на вработените во ООУ„Гоце Делчев“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште – Зоран Митев, на работно место професор по историја, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Гоце Делчев“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се' до именување на нов директор, а за тој временски период работното место се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3997/5
26.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

498.

Врз основа на Член 50, став (1), точка (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и согласно Член 91, став (12) од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА**
**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“ - ШТИП**

1. **СЕ ИЗБИРА** лицето **ЈОВАНКА ШАЛЕВА** за **ДИРЕКТОР** на **Средно општинско училиште „Коле Нехтенин“ - Штип**.
2. Мандатот на избраното лице ќе изнесува **4 (четири) години**, сметано од денот на избирањето.
3. Примерок од ова Решение да се достави до избраното лице, училиштето и Архивата на Општина Штип.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Член 92-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20), Градоначалникот на Општина Штип донел Одлука со дел. број 09-2221/1 од 27.03.2023 година со која Училишниот одбор на Средното општинско училиште „Коле Нехтенин“ - Штип бил задолжен да распише јавен оглас за избор на директор. Согласно Одлуката на Градоначалникот на Општина Штип, Училишниот одбор донел Одлука со дел. број 02-320/8 од 16.05.2023 година за распишување јавен оглас за избор на директор и Одлука со дел. број 02-320/9 од 16.05.2023 година за формирање на Комисија за разгледување на пристигнатите документи и спроведување на јавниот оглас.

Јавниот оглас за избор на директор бил објавен во јавните гласила - дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на ден 05.06.2023 година и во него биле утврдени условите коишто треба да ги исполнат

пријавените кандидати, потребната документација којашто треба да се поднесе, времето на траење на јавниот оглас и рокот во којшто ќе биде извршен изборот.

Во определениот рок од 8 (осум) дена, пријава за учество на јавниот оглас била поднесена од страна на 1 (еден) кандидат.

Комисијата по разгледување на пристигнатите документи констатирала дека пријавениот кандидат на јавниот оглас во утврдениот рок ги доставил потребните документи согласно Законот и објавениот јавен оглас и дека во целост ги исполнува условите за избор на директор.

По добивање на Извештајот од Комисијата и спроведеното интервју со пријавените кандидати од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието, Училишниот одбор едногласно донел Одлука за предлог кандидат со дел. број 02-432/2 од 20.06.2023 година со која кандидатот Јованка Шалева, досегашен вршител на должноста - директор, а вработена во училиштето како професор по македонски јазик и литература, да биде избрана за директор на Средното општинско училиште „Коле Нехтенин“ - Штип.

По добиениот предлог од страна на Училишниот одбор се констатираше и утврди дека целокупната постапка за избор на директор во ова училиште била спроведена согласно законските и подзаконските нормативно - правни акти, за што Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова Решение дозволена е жалба по однос на спроведување на постапката за избор на директор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Број 09-4036/2 | Општината Штип
21.06.2023 година | Градоначалник,

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

499.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 91, став 11 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 22.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“- ШТИП**

1. Вршителот на должност Директор Јованка Шалева се разрешува од должноста Директор на СОУ „Коле Нехтенин” - Штип, поради истек на мандатот, заклучно со 22.06.2023 година.
2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за именување на вршител на должноста на Директор на Општинското средно училиште „Коле Нехтенин“ - Штип бр. 09-1280/2 од 16.02.2023 година.
3. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 22.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Со членот 91, став 11, од Законот за средното образование од („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), утврдено е дека Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината.

Поради избор на директор на СОУ „Коле Нехтенин“ – Штип од страна на Градоначалникот со Решение арх. бр. 09-4036/2 од 21.06.2023 година, се одлучи како во сиспозитивот на ова решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-4036/3
22.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

500.

Врз основа на Член 50, став (1), точка (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и согласно Член 115, став (14) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА**
**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“ - ШТИП**

1. **СЕ ИЗБИРА** лицето **РИСТЕ ТРОКОВСКИ** за **ДИРЕКТОР** на **Основно општинско училиште „Славејко Арсов“ - Штип**.
2. Мандатот на избраното лице ќе изнесува **4 (четири) години**, сметано од денот на избирањето.
3. Доколку именуваното лице не го положи испитот за директор во рок од една година, му престанува мандатот на директор.
4. Примерок од ова Решение да се достави до избраното лице, училиштето и Архивата на Општина Штип.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип донел Решение за овластување на училишен одбор со дел. Број 09-2223/1 од 27.03.2023 година со кое Училишниот одбор на Основното општинско училиште „Славејко Арсов“ - Штип бил задолжен да распише јавен оглас за избор на директор. Согласно Одлуката на Градоначалникот на Општина Штип, Училишниот одбор донел Одлука со дел. број 0201-185/3 од 31.05.2023 година за распишување јавен оглас за избор на директор и Одлука со дел. број 0201-185/4 од 31.05.2023 година за формирање на Комисија за разгледување на пристигнатите документи и спроведување на јавниот оглас.

Јавниот оглас за избор на директор бил објавен во јавните гласила - дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“ на ден 05.06.2023 година и во него биле утврдени условите коишто треба да ги исполнат пријавените кандидати, потребната документација којашто треба да се поднесе, времето на траење на јавниот оглас и рокот во којшто ќе биде извршен изборот.

Во определениот рок од 5 (пет) дена, пријава за учество на јавниот оглас била поднесена од страна на 1 (еден) кандидат.

Комисијата по разгледување на пристигнатите документи констатирала дека пријавениот кандидат на јавниот оглас во утврдениот рок ги доставил потребните документи со исклучок на Уверение за положен испит за директор. Комисијата утврдила дека станува збор за единствен кандидат за директор т.е. на јавниот оглас се нема пријавено лице кое го има положено испитот за директор, па согласно Законот за основно образование член 109 став (4) констатирало дека пријавениот кандидат може да биде именуван за директор на училиштето, но дека истиот е должен да го положи наведениот испит во рок

од една година. Согласно Закон за основно образование, член 109 став (5) доколку именуваното лице не го положи испитот за директор во рок од една година, му престанува мандатот на директор.

По добивање на Извештајот од Комисијата и спроведеното интервју со пријавените кандидати од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието Ванче Маневски, Училишниот одбор едногласно донел Одлука за предлог кандидат со дел. број 0201-205/3/2 од 15.06.2023 година со која кандидатот Ристе Троковски - досегашен вршител на должноста - директор, а вработен во училиштето како наставник по англиски јазик, да биде избран за директор на Основното општинско училиште „Славејко Арсов“ - Штип.

По добиениот предлог од страна на Училишниот одбор се констатираше и утврди дека целокупната постапка за избор на директор во ова училиште била спроведена согласно законските и подзаконските нормативно - правни акти, за што Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против ова Решение дозволена е жалба по однос на спроведување на постапката за избор на директор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Број 09-4043/2
21.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

501.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 22.06.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА НА ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“- ШТИП**

1. На Вршителот на должност Директор Ристе Троковски се утврдува престанок на функцијата вршител на должноста Директор на ООУ „Славејко Арсов” - Штип, поради истек на мандатот, заклучно со 22.06.2023 година.

2. Решението се донесува врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува директорот на кој му престанува функцијата, со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.
4. Лицето на кое му престанува функцијата во рок од 15 дена по престанокот се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Славејко Арсов “ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-983/5 од 13.02.2023 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 22.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Славејко Арсов“ Штип Ристе Троковски, наставник по англиски јазик, се разрешува врз основа на член 118, став 4, од Законот за основното образование, односно Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-4043/3
22.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

502.

Врз основа на Член 50, став (1), точка (9) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и согласно Член 115, став (14) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА**
**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ - ШТИП**

**1.** **СЕ ИЗБИРА** лицето **НЕВЕНКА ВЕЛИЧКОВА** за **ДИРЕКТОР** на **Основно општинско училиште „Димитар Влахов Штип“ - Штип**.

**2.** Мандатот на избраното лице ќе изнесува **4 (четири) години**, сметано од денот на избирањето.

**3.** Примерок од ова Решение да се достави до избраното лице, училиштето и Архивата на Општина Штип.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип донел Решение за овластување на училишен одбор со дел. Број 09-2224/1 од 27.03.2023 година со која Училишниот одбор на Основното општинско училиште „Славејко Арсов“ - Штип бил задолжен да распише јавен оглас за избор на директор. Согласно Одлуката на Градоначалникот на Општина Штип, Училишниот одбор донел Одлука со дел. број 0201-351/3 од 26.05.2023 година за распишување јавен оглас за избор на директор и Одлука со дел. број 0201-437/3 од 20.06.2023 година за формирање на Комисија за разгледување на пристигнатите документи и спроведување на јавниот оглас.

Јавниот оглас за избор на директор бил објавен во јавните гласила - дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ на ден 05.06.2023 и „Коха“ на ден 09.06.2023 година и во него биле утврдени условите коишто треба да ги исполнат пријавените кандидати, потребната документација којашто треба да се поднесе, времето на траење на јавниот оглас и рокот во којшто ќе биде извршен изборот.

Во определениот рок од 8 (осум) дена, пријава за учество на јавниот оглас била поднесена од страна на 1 (еден) кандидат.

Комисијата по разгледување на пристигнатите документи констатирала дека пријавениот кандидат на јавниот оглас во утврдениот рок ги доставил потребните документи согласно Законот и објавениот јавен оглас и дека во целост ги исполнува условите за избор на директор.

По добивање на Извештајот од Комисијата и спроведеното интервју со пријавените кандидати од страна на Училишниот одбор и претставникот од Бирото за развој на образованието, Училишниот одбор едногласно донел Одлука за предлог кандидат со дел. број 0201-443/2 од 21.06.2023 година со

која кандидатот Невенка Величкова - досегашен вршител на должноста - директор, а вработена во училиштето како дипломиран професор по одделенска настава, да биде избрана за директор на Основно општинско училиште „Димитар Влахов“ - Штип.

По добиениот предлог од страна на Училишниот одбор се констатираше и утврди дека целокупната постапка за избор на директор во ова училиште била спроведена согласно законските и подзаконските нормативно - правни акти, за што Градоначалникот на Општина Штип одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение дозволена е жалба по однос на спроведување на постапката за избор на директор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-4055/2
23.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.

503.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 23.06.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА**
**НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“- ШТИП**

1. На Вршителот на должност Директор Невенка Величкова се утврдува престанок на функцијата вршител на должноста Директор на ООУ „Димитар Влахов” - Штип, поради именување на нов директор на училиштето, заклучно со 23.06.2023 година.
2. Решението се донесува врз основа на член 118, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20).
3. Се задолжува директорот на кој му престанува функцијата, со новоизбраниот директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Лицето на кое му престанува функцијата во рок од 15 дена по престанокот се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
5. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за **именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар Влахов“ Штип** од Градоначалникот на Општина Штип бр. Број 09-1442/5 од 03.03.2023 година.
6. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 23.06.2023 година.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Вршителот на должноста директор на ООУ „Димитар Влахов“ Штип Невенка Величкова, професор по одделенска настава, се разрешува врз основа на член 118, став 4, од Законот за основното образование, односно Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-4055/3
23.06.2023 година

Ш т и п

Општината Штип
Градоначалник,

Иван Јорданов, с.р.